УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ–СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

# КВАЛИТЕТОТ НА ОДНОСОТ МЕЃУ БРАЌАТА И СЕСТРИТЕ ВО СЕМЕЈСТВАТА КОИ ИМААТ ДЕТЕ СО АУТИЗАМ

***-Магистерски труд-***

Ментор: Проф. д-р Владимир Трајковски

Кандидат: Милена Илиќ Пешиќ

СКОПЈЕ, 2013

**ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**КВАЛИТЕТОТ НА ОДНОСОТ МЕЃУ БРАЌАТА И СЕСТРИТЕ**
**ВО СЕМЕЈСТВАТА КОИ ИМААТ**
**ДЕТЕ СО АУТИЗАМ**

Комисија за оцена на магистерскиот труд:

Кандидат:
Милена Илиќ Пешиќ

1. Проф. д-р Владимир Трајковски

2. Проф. д-р Ристо Петров

3. Доц. д-р Огнен Спасовски

Датум:

________________________________

***Овој магистерски труд***

***го посветувам на мојот татко***

***Тоде Илиќ***

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **РЕЗИМЕ**........................................................................................................ | 6 |
| **ABSTRACT**..................................................................................................... | 8 |
| **ВОВЕД**.......................................................................................................... | 10 |
| I. **ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ**.................................................................................. | 13 |
| 1. Аутизам......................................................................................................... | 13 |
| 1.1. Поим и дефиниција за аутизам.................................................................... | 13 |
| 1.2. Преваленција............................................................................................... | 14 |
| 1.3. Причинители................................................................................................ | 15 |
| 1.4. Клинички карактеристики............................................................................ | 16 |
| 1.4. Третман........................................................................................................ | 18 |
| 2. Квалитет на односот кај браќата и сестрите во семејството.............................. | 19 |
| 3. Аутизам и ефектот врз односот меѓу браќата и сестрите.................................. | 28 |
| 4. Семејството и попреченоста............................................................................ | 32 |
| 5. Видувања на родителите во врска со односот меѓу нивните деца...................... | 36 |
| 6. Социјална поддршка........................................................................................ | 37 |
| **II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**.................................................... | 40 |
| 1. Предмет на истражувањето.............................................................................. | 40 |
| 2. Цел на истражувањето..................................................................................... | 40 |
| 3. Задачи на истражувањето................................................................................ | 41 |
| 4. Хипотези........................................................................................................ | 42 |
| 5. Варијабли на истражувањето............................................................................ | 44 |
| 6. Методи, техники и инструменти....................................................................... | 45 |
| 7. Популација и примерок.................................................................................... | 49 |
| 8. Статистичка обработка.................................................................................... | 50 |
| 9. Организација и тек на истражувањето.............................................................. | 51 |

| | |
|---|---|
| **III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ.**........................................................................ | 53 |
| 1. Дескриптивна анализа..................................................................................... | 53 |
| 2. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на присуство на позитивни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите.................. | 77 |
| 3. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на присуството на негативни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите.................................................................................................................. | 79 |
| 4. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на присуството на очекуваните и перципираните карактеристики од страна на родителите во односот помеѓу браќата и сестрите................................................. | 81 |
| | |
| **IV. ДИСКУСИЈА.**.................................................................................................. | 85 |
| 1. Карактеристики на односот меѓу браќата и сестрите........................................ | 85 |
| 1.1 .Позитивни карактеристики на односот.................................................... | 85 |
| 1.2 Негативни карактеристики на односот..................................................... | 89 |
| 2. Очекувани и перципирани карактеристики на односот од страна на родителите........................................................................................................... | 94 |
| 2.1 Очекувани позитивни карактеристики...................................................... | 94 |
| 2.2 Очекувани негативни карактеристики....................................................... | 95 |
| 2.3 Перципирани позитивни карактеристики.................................................. | 96 |
| 2.4 Перципирани негативни карактеристики.................................................. | 97 |
| **V. ЗАКЛУЧОЦИ.**.................................................................................................. | 104 |
| **VI. ПРЕДЛОЗИ.**..................................................................................................... | 106 |
| **VII. ЛИТЕРАТУРА.**.............................................................................................. | 108 |
| **VIII. ПРИЛОЗИ.**.................................................................................................... | 118 |

# РЕЗИМЕ

**Илиќ Пешиќ М. Квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите во семејствата кои имаат дете со аутизам. Магистерски труд. Филозофски факултет: Скопје, 2013, 1 - 131.**

**Вовед:** Односот помеѓу братот и сестрата е една од основните меѓучовечки врски во животот на човекот. Доколку во семејството постои дете со аутизам, можат да се јават некои импликации врз целокупното семејство и неговото функционирање, а воедно и врз односот помеѓу браќата и сестрите.

**Цел:** Основната цел на овој труд е да се истражи квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите во семејства во кои има дете со аутизам. Да се направи споредба помеѓу квалитетот на братскиот/сестринскиот однос во семејства во кои има дете со аутизам и квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите од контролната група. Притоа, правејќи споредба меѓу двете групи, да се утврди нивото и карактерот на очекуваните и перципираните карактеристики од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу нивните деца.

**Методи:** Во истражувањето е опфатен примерок од 132 испитаника од кои 66 се членови на семејства во кои има дете со аутизам и 66 испитаника од контролната група, т.е. семејства во кои нема дете со аутизам. Податоците беа обработени со стандарден статистички програм SPSS - 21 for Windows XP, применувајќи Mann–Whitney U i Wilcoxon W тест, за независни и корелирани примероци, соодветно. За статистички значајна разлика ја сметавме разликата на ниво на значајност од $p < 0,05$.

**Резултати**: Во однос на *позитивните карактеристики* на квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите не постои статистички значајна разлика, освен во варијаблата сличност во интереси која е повисока кај браќата и сестрите од контролната група. Во однос на *негативните карактеристики* во односот помеѓу браќата и сестрите постои статистички значајна разлика само кај нивото на принуда

во односот помеѓу браќата и сестрите кое е пониско кај семејства во кои има дете со аутизам. Во однос на *очекуваните и перципираните позитивни карактеристики* од страна на родителите, нивото на очекуваната и перципираната блискост во односот помеѓу браќата и сестрите е повисока во семејства во кои нема дете со аутизам. Кај *очекуваните и перципираните негативни карактеристики* од страна на родителите, постои статистички значајна разлика во нивото на перципираното соперништво кое е пониско кај родителите од испитуваната група. Во однос на тоа дали постои статистички значајна разлика помеѓу очекуваните и перципираните позитивни и негативни карактеристики од страна на родителите кај испитуваната и контролната група, заклучивме дека очекуваната блискост и очекуваното соперништво се значајно поголеми од перципираните блискост и соперништво и кај двете групи.

**Заклучок:** Постојат одредени разлики во квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите, зависно од тоа дали се работи за семејство во кое има дете со аутизам или семејство од, условно кажано, редовната популација. Не мора нужно да се со негативна конотација разликите кои се појавуваат помеѓу двете групи.

Неопходна е широка акција за подигање на јавната свест во однос на аутизмот, што би придонело за намалување на стигмата што ја перципираат семејствата. Но, најважно од сè би било формирање на групи за поддршка на истите, првенствено на браќата и сестрите на кои би им помогнале подобро да се справат со предизвиците кои ги носи имањето брат или сестра со аутизам.

***Клучни зборови: аутизам, квалитет на однос, браќата и сестрите, семејство.***

# ABSTRACT

**Ilikj Pesikj M. The quality of sibling relationship in families that have a child with autism. Master thesis. Faculty of Philosophy: Skopje, 2013, 1-131.**

**Introduction:** The relationship between siblings is one of the basic interpersonal relationships among humans. While on the other hand, if a family has a member who has autism, some implications on the family and its functioning might arise, as well as on the relationship between siblings.

**Goal:** This work's primary goal is to explore the quality of the siblings relationships in families that have a child with autism as well as to compare the quality of the brother – sister relationships in such families with the quality of the same relationship in a control group. By comparing the two groups, to determine the level and character of the expected and perceived characteristics of the relationships between the children in families that have a child with autism (by their parents), and also to determine the level and character of the expected and perceived characteristics of the relationships between the children in the families of the control group parents, i.e. the parents of neuro-typical children (by those respective parents also).

**Methods:** In the research, a sample of 132 respondents is provided, 66 of which are members of families that care for a child with autism, 66 are members of the control group families, i.e. families of neuro – typcal children. The data were processed by a standard statistical software SPSS – 21 for Windows XP, by applying Mann – Whitney U and Wilcoxon W tests, for the independent and correlated samples, respectively. For the statistically significant difference we used the difference that had a significance level of $p < 0,05$.

**Results:** The analysis of the results have shown us that in relation to the *positive characteristics* of the quality of the sibling relationships, no statistically significant difference exists in our sample, apart from the variable similar interests, which is higher among the brothers and sisters of the control group. While in relation to the *negative characteristics* of the siblings relationships, a statistical significant difference exist only in the level of coercion in that

relationships, which is lower in families that have children with autism. Furthermore, in relation on to the *expected and perceived positive characteristics* by the parents, the level of the expected and perceived closeness in the relationships between siblings is higher in families of the control group. Also, while exploring the *expected and perceived negative characteristics* by the parents, we found that there is a statistically significant difference in the level of the perceived rivalry which is lower with the parents of children with autism. However, in relation to whether there exists a statistically significant difference between the expected and perceived positive and negative characteristics by the parents of both groups, we have concluded that the expected closeness and rivalry are significantly higher that the perceived closeness and rivalry in both groups.

**Conclusion:** Certain differences in the quality of the relationships between brothers and sisters exist, depending on whether it is a matter of a family that has a child with autism, or a family of, conditionally speaking, the regular population. However, we believe that those differences are not necessarily carrying a negative connotation.

An action for the raising of the public awareness in relation to autism is necessary, which will also contribute to the decrease of the stigma that the families perceive. But, most important of all would be the formation of support groups for those families and primarily for the brothers and sisters, to which such groups would help to better overcome the challenges implied by having a brother or sister with autism.

***Keywords: autism, relationship quality, sibling, family.***

# ВОВЕД

*„Без разлика во која мера му даваме значење на братско - сестринскиот однос, сè додека братот и сестрата се живи, постои едно човечко битие кое не познава уште од дете, кое нè има доживеано на еден единствен и интимен начин на кој многу малку сме можеле да влијаеме, кое е огледало, иако малку искривено, на нашето детство и младост, некој кој накратко бил дете на родителите кои ги делел со нас“ (1).*

Односот помеѓу братот и сестрата е една од основните меѓучовечки врски во животот на човекот. Братот и сестрата, покрај родителите, се најблиски членови во семејството и без разлика во каков меѓусебен однос се наоѓале (љубов, нетрпеливост, игнорирање, ривалство, пријателство), тоа е една од најдлабоките емоционални врски. Браќата и сестрите имаат многу силно влијание во животот на поединецот. Најчесто, по раѓањето го воспоставуваат првиот интензивен однос со што претставуваат модел низ кој детето полно, морално, јазично и моторно се развива. Исто така, браќата и сестрите заземаат значајно место и во социјализацијата на поединецот (1). Таквата врска трае цел живот, но квалитетот на поврзаноста се менува со текот на времето. Започнувајќи како интензивен во детството, односот помеѓу братот и сестрата станува оддалечен во текот на адолесцентниот период, како резултат на растечкиот број на пријателства и интересите надвор од домот (2). Подоцна во зрелата возраст, поврзаноста добива на квалитет и станува сè поцврста.

Доколку во семејството има дете кое е со аутизам, можат да се јават некои импликации врз целокупното семејство и неговото функционирање, а воедно и врз односот помеѓу браќата и сестрите.

Присуството на дете со аутизам во семејството ја менува традиционалната улога на братот или сестрата. Како последица од зголеменото ниво на стрес и депресија кај родителите, братот или сестрата најчесто се изложени на зголемено

количество на очекувања од страна на родителите, зголемена сопствена одговорност и намалена инволвираност од страна на родителите (3).

Од неафектираниот со аутизам брат или сестра понекогаш се очекува да презема улоги кои не се својствени за возраста и за позицијата, т.е. се очекува и се бара да биде подучувач, менаџер, негувател и помагач. Таквата наметната улога може да претставува тешкотија и пречка во нормалното функционирање.

Негативните ефекти кои можат да се јават во квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите, а се предизвикани од постоењето на дете со аутизам во семејството се: зголемено ниво на конфликт, огорченост, одбивност, осаменост, вина, страв и намалена можност за контакт со врсниците надвор од домот (4).

Децата со попречености имаат поинакви потреби кои бараат поголемо внимание, поголем напор и поголемо ангажирање од страна на родителите, за разлика од детето без попречености. Од таа причина произлегува дека родителите на детето со попречености имаат помалку од своето слободно време кое квалитетно би го посветиле на останатите членови од семејството (5).

Многу од децата неафектирани со аутизам имаат чувство дека се занемарени од страна на родителите и дека нивните потреби се третирани како помалку важни (4).

Од друга страна, родителите можат да имаат различна афективна поврзаност со секое дете, феномен познат како „диференцијален третман на браќата и сестрите“ кое вообичаено може да има негативен ефект на квалитетот на братските/сестринските релации (6).

Се разбира дека можат да се јават и позитивни ефекти врз односот брат - сестра во семејство каде што има дете со аутизам, а некои од нив се: зголемена толеранција за различноста на другите, благост кон другите, зголемено ниво на емпатија, приврзаност, зголемено чувство на одговорност и зрелост, чувство на среќа, добро ориентиран поглед на животот (7). Во некои студии, браќата и сестрите на децата со аутизам пријавиле дека чувствуваат восхит кон својот брат или сестра и се комплетно задоволни од нивниот заемен однос (8).

Воедно се смета дека во формирањето на релациите помеѓу братот и сестрата во семејството големо учество земаат и полот, редот на раѓање и разликата во

годините. Така, доколку се позитивно прилагодени во општеството, постарите браќа и сестри во семејството можат да служат како позитивен пример и како извор на емоционална поддршка кон помладите од нив браќа и сестри (9).

Во некои истражувања доаѓаме до податокот дека браќата и сестрите од ист пол имаат зголемено чувство за другарство, интимност и приврзаност, додека оние браќа и сестри кои се од различен пол, во помала мера (10).

Ова истражување има за цел да го истражи квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите кај децата со аутизам, т.е. дали во поголема или помала мера се јавуваат позитивни карактеристики на еден однос како на пример: приврзаност, емпатија, сличност во интересите или пак доминираат негативни карактеристики како: соперништво, непријателство, нетрпеливост, а воедно да се направи компарација со контролната група составена од браќа и сестри од неафектираната со аутизам популација и квалитетот на нивниот меѓусебен однос.

Во исто време, ова истражување има за цел да направи споредба помеѓу очекувањата и видувањата од страна на родителите во врска со односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има и во семејствата во кои нема деца со аутизам.

Анализирајќи го квалитетот на односот, ќе бидеме во можност да заклучиме дали на овие семејства им е потребна советодавна помош предводена од стручни лица или еден вид на мрежа на социјална поддршка која би им овозможила внатрешните семејни односи да ги доведат во посакуваната состојба.

# I. ДЕЛ
# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ

## 1. Аутизам

### *1.1. Поим и дефиниција*

Терминот аутизам значи „битисување во себе“ и е востановен од швајцарскиот психијатар Еуген Блојлер (Eugen Bleuler) во 1911 година, кој воедно го опишува лошиот социјален контакт кај шизофренијата.

Во литературата може да се сретнат повеќе дефиниции за аутизмот во кои се открива неговата суштина, комплексноста на проблемот и хетерогеноста на клиничката слика.

Американската психијатриска асоцијација (АПА) го дефинира аутизмот како широк континиум на поврзани когнитивни и невробихејвиорални нарушувања, вклучувајќи три карактеристики: нарушувања во социјализацијата, нарушувања во вербалната и невербалната комуникација и рестриктивни и репетитивни шеми на однесување (11).

Светската здравствена организација (СЗО) го претставува детскиот аутизам како первазивно развојно нарушување, го дефинира со постоење на ненормален или оштетен развој што се манифестира пред третата година од животот со карактеристичен облик на патолошко функционирање во сите три области на социјалните интеракции, во комуникациите и со повторувачко однесување (12).

Аутистичниот спектар на нарушувања се нарекува спектар на нарушување затоа што симптомите можат да се појават во најразлични комбинации, при што можат да се презентираат со различен степен во оштетувањето (13).

Аутизмот е невро - развојно нарушување кое не може да биде дијагностицирано со некој специфичен биолошки или медицински тест. Во поголема мера органско отколку генетско, се развива дури од пренаталниот период (14).

Аутизмот и аутистичниот спектар на нарушувања подеднакво се распространети помеѓу децата од сите социјални слоеви, образовни структури, култури и раси, ширум светот (15).

И покрај зголемениот број докази кои укажуваат на тоа дека нарушувањата од аутистичен спектар можат да бидат дијагностицирани уште во најраната возраст, има голем број случаи кога дијагнозата се воспоставува дури на училишна возраст (16).

Просечно, 35% деца со аутизам го започнуваат животот искусувајќи нормален развоен напредок, но овој период од нормална матурација е проследен со регресија низ која стекнатите навики се губат, вообичаено помеѓу 18 и 36 месеци од староста на детето (17).

## *1.2. Преваленција*

Во последната декада се забележува драстичен пораст на деца на кои им е дијагностициран аутизам (18).

Аутизмот како нарушување е релативно ретко, преваленцијата се движи некаде околу 4:10 000. Меѓутоа, преваленцијата на цела група нарушувања под име Первазивни развојни нарушувања (ПРН), во кои спаѓа и аутизмот, проценето е дека е 6 - 7 пати поголема (19).

Во последната студија на Ерик Фомбоне (Eric Fombonne), која опфаќа преглед на 34 студии од 14 земји објавени на англиски јазик, се зборува за преваленција на первазивните развојни растројства од 60 на 10 000 деца. Притоа, аутизмот е претставен со 13 на 10 000 деца (12).

Карактеристично е тоа што ги афектира почесто машките индивидуи за разлика од женските. Барон - Коен (Baron – Cohen) (според Bowen и Plimley, 2008) има спроведено голем број истражувања кои се занимаваат со разликата на мозокот кај мажите и жените и тој заклучува дека можеби аутистичниот спектар на нарушувања се екстремна форма на машкиот мозок (21).

## *1.3. Причинители*

Абнормалноста во структурата и функцијата на мозокот има голема улога и генерално е прифатена како една од причините за појавата на аутизмот. При испитувањата кои вклучуваат скенирање на мозокот е откриено дека постојат разлики во формата и структурата на мозокот кај децата со дијагностициран аутизам, наспроти невро - типичната популација од деца (22). Може да се каже дека кај аутизмот не постои единствен фактор кој ги исполнува овие критериуми, т.е. не постои една причина. Тоа е хетерогено нарушување предизвикано од многу фактори и секако, врз една генетска пречувствителност (11).

Медицински состојби кои можат да го предизвикаат аутизмот:

- Генетски состојби;
- Вирусни инфекции;
- Метаболни состојби;
- Синдроми на конгенитални малформации (23).

Според некои автори, причина за појавување на аутизмот е вакцината користена во детска возраст. Меѓутоа, оваа хипотеза останува контроверзна бидејќи не наоѓа поддршка во уверливи научни докази (24).

Како можни причини за појавата и развојот на аутизмот и засилување на неговите симптоми, кај некои автори се среќаваат одреден број на пред и постпородилни фактори (25).

И покрај тоа што специфични причинители на ПРН (Первазивни развојни нарушувања) сѐ уште не се познати, востановено е дека постои строга генетска компонента во нивната етиологија. Преваленцијата на аутистичниот спектар на нарушувањата кај децата кои имаат постар брат или сестра со веќе дијагностициран аутизам е неколку пати поголема за разлика од редовната популација (26).

Некои истражувачи пронаоѓаат дека како причини за појава на ваквите симптоми се должат на абнормалните нуспроизводи од квасец и бактерии отпорни на лекарства кои се апсорбираат во цревата, со прекумерна употреба на антибиотици дадени заради инфекција на увото (27).

Многубројните истражувања кои се реализирани во втората половина на XX век ги имаат разјаснето многуте нејасности и исправено прифатените како вистина, заблуди врежани за вистинската природа на аутистичното нарушување. Денес, со голема сигурност се знае дека:

- Аутизмот не е предизвикан од емоционално ладна мајка;
- Лицата со дијагностициран аутизам поседуваат развиени емоции;
- Аутизмот не е форма на рана детска шизофренија;
- Лицата со дијагностициран аутизам главно немаат зачувана интелигенција (28).

## *1.4. Клинички карактеристики*

Кај аутизмот постои тријада на симптоми кои се однесуваат на социјализацијата, комуникацијата и имагинацијата.

Кај социјализацијата се јавуваат проблеми во **социјалната интеракција** со другите. Личноста не поседува свесност за останатите, а особено за туѓите мисли и чувства. Постојат проблеми и при иницирањето на социјалните интеракции со назначена индиференција кон другите.

**Проблеми во комуникацијата** се среќаваат и кај оние лица со аутизам кои не се во можност да се изразат вербално, при што воедно имаат недостаток на иницијатива за комуникација, до кај оние кои поседуваат сосема добар и јасен вокабулар, но сепак од сето тоа не успеваат да имаат никаква полза при комуницирањето.

Оштетување на **социјалната имагинација** може да се рефлектира во некои или во сите од следниве области: луѓето со аутизам можат да имаат тешкотии во планирањето на можните исходи, решавање на проблемски задачи и претпоставка за тоа што е она што ќе се случи следно.

Постојат и друг вид проблеми кои се рефлектираат на разни начини:

- неможност да се регулира сензорниот инпут;

- хипер и хипосензорни реакции кои флуктуираат во текот на денот;
- многу често повеќе од едно од седумте сетила е афектирано, при што обичните стимулации можат да бидат неподносливи или тешки за дефинирање;
- лицата со аутизам не се во можност селективно да го блокираат надворешниот импулс, при што како резултат се случува „себе исклучување” и окупирање со репетитивни активности како нишање, пукање со прсти или вртење со главата.

Сето ова се случува во моментот кога личноста чувствува непријатност, на некој начин, во однос на средината во која се наоѓа во дадениот момент (29).

Витман (Whitman, според Wall 2007) во својот осврт кон аутизмот ги посочува неговите карактеристики нарекувајќи ги „генерални карактеристики на аутизмот“:

- Проблеми во сензорното процесирање;
- Моторни дисфункции;
- Когнитивна дисфункција;
- Проблеми во социјалната интеракција;
- Проблеми со јазикот и говорот;
- Репетитивни, ограничувачки и стереотипни интереси, активности и однесувања;
- Проблеми во однесувањето;
- Физички / медицински тешкотии; (30)

Теоријата на умот (Theory of Mind - ToM), ја објаснува суштината на дефицитот на аутизмот - нагласувајќи го недостатокот на детето да разбере дека другите луѓе имаат поинакви мисли, желби и чувства од нивните, што ја репрезентира основната тешкотија во реципроцитетот и емпатичното про - социјално однесување, неопходно за формирање на пријателство (31).

ToM способноста се однесува на свесноста за фактот дека човечкото однесување е резултат на одредени ментални состојби, кои не секогаш се компатибилни со објективната реалност (32).

Аутизмот е невролошко развојно нарушување кое го афектира начинот на кој една индивидуа: размислува, јаде, се облекува, работи, го организира своето време, го разбира светот, комуницира итн. (33).

Покрај останатите, постојат и многу позитивни карактеристики кои можат да се сретнат кај децата и возрасните со аутизам:

- Апсолутна лојалност и посветеност до блиските личности до себе;
- Посветеност во целина на дадената задача што може да ги направи одлични работници во возрасниот период;
- Капацитет и способност на светот да се гледа на еден сосема поинаков и необичен начин, при што оваа опседнатост со детали се забележува во музиката, уметноста, механичките задачи;
- Визуелната информација можат да ја перципираат многу подобро отколку да е соопштена на вербален начин;
- Можат многу долго да се сконцентрираат на некоја задача ако таа има некакво значење за нив;
- На академско поле, доколку е можно, имаат поголем успех во областа каде што не е пресудна социјалната интеракција и каде што јазикот кој се користи е од техничка или математичка природа (34).

## *1.5. Третман*

Кога би говореле за лекување, тоа би значело дека ги отстрануваме причините, што кај аутизмот не е можно затоа што не ги знаеме причините.

*Под терапија или третман на децата со аутистичен спектар на нарушувања, подразбираме отстранување на несаканите симптоми, придружените состојби и образовно - воспитниот процес кој сам по себе претставува терапија.*

Со благовремен и добро избран третман е можно да се влијае, така што притоа би се сменил текот на некои симптоми. Можно е да се стопираат негативните

процеси, донекаде да се преобликува несаканото однесување, со што би се подобрила социјализацијата (35).

Рано откривање на аутизмот кај детето може да е од голема помош, со што тоа би стекнало одредени социјални вештини и самостојност при соодветен третман. Но и покрај примената на неколку познати терапии засновани на научни истражувања, засега сѐ уште нема потполн успех во неговото лекување (36).

Кај потежок облик на аутизам, скоро да не е можен самостоен живот, додека кај останатите облици тој е можен со минимална помош од средината (37).

Главната цел при третманот на аутизмот се состои од повеќе компоненти:

- Подобрување и зацврстување на социјално прифатливото однесување;
- Намалувањето на бизарните и недолични симптоми при однесувањето;
- Подобрување на вербалната и невербална комуникација (38).

Третманот базиран на бихејвиорални стратегии е помеѓу најдобрите за децата со аутизам, при што се покажува дека таквиот третман е со најголем ефект, доколку се вклучени и родителите и се имплементира во период на најран развој на детето (39).

Но, сепак, на крајот ќе се согласиме дека не постои никаква магија во третманот на лицата со аутизам. Успешно практикување на третманот е резултат на познавањето на теоријата, многу работа и достапност до адекватни ресурси (40).

## 2. Квалитет на односот кај браќата и сестрите во семејството

*Брат и сестра се деца кои делат два биолошки родитела, полубрат и полусестра делат еден биолошки родител додека прибрат и присестра по мајка или по татко не се биолошки поврзани, но секој од нив има по еден биолошки родител кој формирал нова партнерска заедница со родителот на другиот (41).*

Многу студии потврдуваат дека односот помеѓу браќата и сестрите е есенцијален во социјалниот, емоционалниот развој и социо - когнитивниот развој на една индивидуа.

Членовите на едно семејство се дел од интерактивна и независна мрежа во која однесувањето на една индивидуа има влијание врз останатите (42). Дан (Dunn, според Wheeler, 2010) пронаоѓа дека во просек 80% од популацијата на луѓе во Европа и САД растат заедно барем со уште еден брат или сестра во семејството (43). Релациите помеѓу браќата и сестрите претставуваат прототип за сите можни идни релации. Воедно, тие се доживуваат и како единствен извор на емоционална поддршка и покрај поддршката од родителите и прифаќањето од врсниците.

Браќата и сестрите се наоѓаат во една единствена позиција затоа што тие не се само дел од семејството, туку, воедно, тие играат улога на врсници и другари, но од друга страна имаат заедничко генетско и културно наследство, вклучувајќи го и семејното искуство и социо - емоционалната интимност (44).

Вотерс (Waters, според Weaver, Coleman и Ganong, 2003) забележува дека времето поминато во интеракција помеѓу браќата и сестрите во семејството има потенцијал по својот обем да го надмине времето поминато во интеракција со родителите (45).

За разлика од релациите родител - дете и дете - врсници, постојат многу помалку истражувања за односот меѓу браќата и сестрите, што е навистина изненадувачки, со оглед на тоа што релацијата брат - сестра е една од најдолгите меѓучовечки врски која започнува многу пред да ги сретнеме своите животни партнери, а трае и по смртта на нашите родители (46).

Релацијата, т.е. односот кој постои помеѓу братот и сестрата е трајна и не може да се бира како кај пријателството. Во некој друг вид активна врска може да дојде до раскин, додека овде тоа не е можно. Но, и да се случи да згасне активната релација помеѓу братот и сестрата, тие, сепак, на индиректен начин остануваат информирани еден за друг од страна на трето лице, најчесто родителот.

Од сето ова произлегува јасен заклучок дека браќата и сестрите секогаш се во можност да ја ревитализираат својата врска бидејќи колку и да сакаат, невозможно е да ги прекинат сите нишки во оваа релација.

Трајноста на релацијата помеѓу братот и сестрата предизвикан од неможноста таа да се прекине им дозволува на истите да искусат и преживеат многу поголеми проблеми кои поинаквиот тип на врска не би ги пребродил (47).

Некои од нив се толку блиски и поддржувачки настроени кон другиот, што се еднакви на најдобрите пријателства, но воедно овој однос може да биде извор на своевиден парадокс. Многу луѓе би потврдиле дека тие, без разлика колку ги сакаат своите браќа или сестри, не сакаат да бидат во нивна близина. Всушност, големо количество на компетиција, конфликт, соперништво, може да постои и покрај тоа што во истата релација наоѓаме љубов, грижа и поддршка (47).

Многу е важно браќата и сестрите, т.е. нивната улога да биде сфатена сериозно, бидејќи благодарение на нив ние ја имаме првата социјална релација со другите (48).

Од моментот на своето раѓање, човечкото битие се стреми кон тоа да добие наклонетост, приврзаност и внимание од страна на другите. Браќата и сестрите кои се блиски по години можат да бидат важен извор за задоволување на оваа потреба. Врската помеѓу браќата и сестрите може исто така да претставува сигурен извор на поддршка, доверба и сигурност, додека во исто време е извор на недоверба и несигурност.

Минухин (Minuchin, според Daron, 2009) во своето истражување на семејства кои се наоѓаат под стрес, пронаоѓа дека таму каде што постои недостаток од функционална родителска фигура, тоа во исто време претставува фактор за зајакнување на значењето на врската помеѓу браќата и сестрите. Во неговото истражување тој наведува неколку тврдења:

- Браќата и сестрите имаат улога на своевидни фигури кои ја претставуваат меѓусебната доверба, која пак од своја страна го прави првиот чекор кон формирање на идентитетот;
- Браќата и сестрите се обраќаат еден кон друг кога родителите се отсутни барајќи заштита;
- Кога однадвор се појавува некоја опасност, браќата и сестрите остануваат цврсто поврзани како група (49).

Се претпоставува дека редот на раѓање на децата има влијание на тоа каков ќе биде односот кон браќата и сестрите во подоцнежниот живот. Во своето истражување Полет И Нетл (Pollet и Nettle) пронаоѓаат дека прворoдените деца во семејството имаат подобри релации со браќата и сестрите кои се раѓаат подоцна, затоа што веројатно повеќе инвестираат во тој однос. Нееднаквоста во инвестирањето креира емоционална пристрасност, каде што кај прворoдените субјективно еволуираат нивните врски со браќата и сестрите како попозитивни за сметка на подоцна родените (50).

Но, Кидвел (Kidwell, според Pollet и Nettle, 2009) пронаоѓа дека средно родените деца во семејството генерално на прво место ги ставаат блиските пријатели на сметка на останатите членови во семејството и во подоцнежната возраст поретко контактираат со останатите членови на семејството. Во исто време, редот на раѓање е поврзан и со степенот на родителското фаворизирање, каде што средно родените пријавуваат помало количество примено фаворизирање од страна на родителите во семејството (50).

Што се однесува до количеството на родителското фаворизирање или примената на нееднаков третман спрема децата во семејството, многу студии се фокусираат на мајките (51).

Меѓутоа, други истражувачи покажуваат дека мајките и татковците во количеството на аплицираниот нееднаков третман спрема децата се скоро изедначени (52).

Трансформацијата помеѓу состојбата да си единствено дете во семејството или да добиеш брат или сестра, не е никогаш лесна. Одреден број фактори можат да извршат влијание на тоа како детето ќе реагира кога ќе добие нов брат или сестра меѓу кои спаѓаат: темпераментот на детето, претходната врска со родителите, околностите во кои во моментот живее (социо - економски статус, дали во моментот постои некој проблем во бракот помеѓу родителите), редот на раѓањето на детето, како и влијанието на останатите луѓе во неговиот живот (врсници, учители, други браќа и сестри) (53).

Дан, Кендрик и Мек Нами (Dunn, Kendric и MacNamee, според O’Connell 2005) пронаоѓаат дека најчести проблеми кои се јавуваат кај детето во тој процес на

трансформација се: зголемување на фрустрацијата, вознемиреност, регресија во претходно усвоените навики, повлекување во себе, срцебиење, намалување на нивото на активност, проблеми со спиењето.

Овие реакции периодично се намалуваат и зголемуваат со намалувањето на мајчиното влијание и количеството на интеракција. (53)

Дан и соработниците (според O'Connell 2005) пронаоѓаат дека постарите деца можат да пројават строги негативни реакции на раѓање на друго дете во семејството. Некои истражувачи потврдуваат дека момчињата покажуваат поголеми проблеми во однесувањето за разлика од девојчињата, впуштајќи се во намерни непримерни однесувања, особено во периодот кога мајките ги хранат малечките, повлекувајќи се од мајката и покажувајќи повеќе агресија и фрустрација (53).

И покрај тоа што браќата и сестрите делат ист статус во даденото семејство, тие можат да имаат различни искуства во развојниот контекст. Првин, секое дете има единствено семејно искуство. Ова, пред сѐ, зависи од поединечниот третман на детето и од редот на раѓањето. Прворoдените поседуваат искуство од подолго време проведено во друштво на родителите. Статусот на постаро дете може да продуцира чувство на одговорност кон помладиот од себе (54).

Блејк (Blacke, според Vogh Yuan, 2009) истражувајќи го влијанието на бројот на деца во семејството и состојбата на менталното здравје кај истите деца во возрасен период, тврди дека постои заемна врска меѓу истите на тој начин што имањето на повеќе деца ги исцрпува ресурсите на родителите, кое пак индиректно влијае на менталното здравје во подоцнежниот живот, бидејќи од своја страна ресурсите кои им се на располагање на родителите влијаат на квалитетот на пруженото образование на своите деца. Притоа, самото исцрпување на ресурсите води кон појава на љубомора, конфликт и перцепција на нееднаква дистрибуција стекната од страна на браќата и сестрите. Тука, се разбира дека не е еднаков ни периодот на времето кое родителите се во можност да им го пружат на своите деца кај семејствата со едно и со повеќе деца (55).

Но, од друга страна, поголем број деца можат да бидат извор на социјална поддршка во подоцнежниот живот, додека пак чувството на нееднаква распределба на ресурсите може да се надмине со развој на социјални вештини кои помагаат при

справувањето со конфликт и со развој на чувството дека она што се има, треба да се подели, при што ривалството се сведува на минимум (56).

Во секојдневното живеење, браќата и сестрите, без разлика на околностите во кои се наоѓаат, сепак поминуваат многу време заедно, па така оваа меѓусебна релација се карактеризира со секојдневни интензивни позитивни и негативни интеракции (57).

Многу истражувачи кои го проучуваат овој однос се фокусираат на фактот дека браќата и сестрите меѓусебно имаат влијание на развитокот на ризичното однесување, додека пак други докажуваат дека овој однос може да резултира со развој на позитивно однесување. Постојат голем број студии кои се фокусираат на полот на двојката брат - сестра и неговото влијание врз развојот на социјалното однесување. Резултатите од овие истражувања укажуваат на тоа дека луѓето, во принцип, го земаат за модел на однесување оној кој е најмногу сличен до нив самите (58). Во тој контекст, според Сламковски (Slamkowski) и соработниците, истополните двојки браќа и сестри се многу слични во своите адаптибилни способности. Притоа, постојат тврдења дека улогата на спротивниот пол во обликувањето на ризичното однесување се без доказ и не се сигурни (59).

Додека пак во истражувањата за развитокот на позитивните карактеристики и модели на однесување се покажало дека постои влијание и кај двата вида двојки, еднополови и двополови (60).

Специфичната природа на влијанието што го имаат еден наспроти друг може со време да се менува и варира. Главната причина за тоа е постоењето на разновидноста во квалитетот на карактеристиките кои го формираат братско - сестринскиот однос. Релациите во тој однос може да варираат меѓу **блискост** и **оддалеченост, хармонија** и **конфликт**, **соработка** или **соперништво** (61).

За потполно да го разбереме влијанието што го имаат еден врз друг братот и сестрата, потребно е да се истражат карактеристиките кои го сочинуваат тој однос, при што не е помалку важно кога се проучува односот помеѓу браќата и сестрите да се има податок дали меѓусебно се поврзани генетски. Усвоени деца, семејства формирани со нова асоцирана репродуктивна технологија, семејства во кои има деца и од претходните бракови на родителите се во пораст (61).

Постојат многу истражувања за тоа каков ќе биде меѓусебниот однос помеѓу децата во таквите семејства, кои не секогаш се поклопуваат во своите наоѓања. Полет (Pollet, според Samek и Rueter 2011) пронаоѓа дека децата кои живеат во такви семејства можно е да не се генетски поврзани ниту со родителите, ниту пак со браќата и сестрите и кај нив се јавува послаба блискост со останатите членови на семејството, наспроти децата кои се во генетска врска (61). Додека Стургес, Дан и Дејвис (Sturgess, Dunn и Davies), во истражувањето во кое помеѓу друго се зела предвид перцепцијата на децата во однос на квалитетот на односот со нивните браќа и сестри во зависност од тоа дали потекнуваат од заеднички биолошки родители, дали се полубраќа или полусестри или пак се прибраќа или присестри по мајка или по татко, децата не пријавуваат систематски разлики во блискоста што ја чувствуваат за нивните браќа и сестри во семејството. Постоечката варијација која децата ја чувствуваат за своите браќа или сестри во „вистински“ семејства е релевантна. Многу „вистински“ браќа и сестри чувствуваат значајно непријателство или недостаток на љубов еден кон друг, додека пак кај полубраќа и полусестри како и кај прибраќа и присестри по мајка или по татко, чувствата се инволвирани со помал интензитет, било во позитивна или во негативна смисла (62).

Карактеристиките на братско - сестринскиот однос можат да бидат поделени и да варираат помеѓу **позитивни** и **негативни,** како на пример: соработка / пријателство наспроти соперништво / непријателство или блискост / слога наспроти ладнокрвност / неслога.

Во неколку понови истражувања кои го проучуваат квалитетот на односот, пронајдено е дека постојат одвоени, независни еден од друг фактори кои се поврзани со квалитетот на односот, а кои се однесуваат на оние кои ја карактеризираат блискоста, меѓусебното прифаќање, но и оние кои го карактеризираат конфликтот. Во таа смисла, **блискоста** може да е составена од повеќе варијабли како што се: интимноста, другарството, восхитот кон другиот, сличноста во интересите и приврзаноста, додека пак **конфликтот** може да се очекува да се појави низ: неслога, одбивност, соперништво и примено количество на родителско фаворизирање (10). Што се однесува до конфликтот, казната и релативната распределба на моќта,

пронајдено е дека е променливо со текот на годините, при што во помалата возраст е поизразено. (63).

Би можеле да прифатиме своевидна дефиниција искажана од Фурман и Бурместер (Furman и Buhrmester, според Huber 2010) за блискоста која гласи: **Меѓусебниот контакт во релацијата помеѓу братот и сестрата кој е карактеризиран со приврзаност, интимност, грижа, восхитување и делење на заеднички активности ја претставува блискоста** (64).

Фурман и Бурместер пронаоѓаат дека нивото на **блискост** е највисоко во детството, додека во периодот на адолесценцијата опаѓа. Причината за ова е должината на времето кое братот и сестрата го поминуваат заедно, а тоа опаѓа во периодот на адолесценцијата кога тие се приближуваат кон своите врсници и проведуваат подолго време надвор од дома. Но, треба да се наспомене дека, без разлика на тоа што чувството на блискост се намалува, сепак тоа останува на забележливо високо ниво, при што силната емоционална меѓусебна поврзаност опстојува (65).

Сличен тренд се појавува и кај појавата на **конфликт** и **соперништво** во меѓусебниот однос меѓу браќата и сестрите. Ваквата појава на повисоко ниво на конфликт и соперништво во раното детство која постепено опаѓа со појава на адолесценцијата, исто така се должи на времето поминато заедно.

Броди (Brody, според Smith, 2010) заклучува дека конфликтот и поддршката се важни при давањето разновидност на детето во искуството при интеракција со другите. Здраво количество на конфликт може да им обезбеди на братот или сестрата да ги осознаат своите емоции, да ги изразат своите чувства и да се вклучат во отворена комуникација (66).

**Соперништвото**, пак, од своја страна се случува кај повеќето, ако не и кај сите браќа и сестри во најразличен степен. Може да се манифестира како вербален или физички напад, фрустрација, упорно барање внимание или како регресивен феномен. Кога се балансира правилно, здравата конкуренција помеѓу браќата и сестрите води кон стекнување социјални, интерперсонални и когнитивни вештини кои се важни за развојот на детето (67).

Перцепцијата на конфликтот или интимност во меѓусебниот однос можат да зависат и од возраста на детето. Така, Фурман и Бурместер (според Cole и Kerns 2001), наоѓаат дека децата со помлади браќа и сестри пријавуваат повеќе конфликт, а помалку интимност, споредбено со децата кои имаат постари браќа и сестри (68).

Значи, браќата и сестрите кои доволно се разликуваат меѓусебно, чувствуваат заемна **емпатија,** ги почитуваат психолошките **граници на приватноста** на другиот и не ја користат контролата на моќ и нејзините тактики како **принуда и присила**. Функционираат на повисоко ниво, за разлика од браќата и сестрите чија заемна релација е сосема нешто спротивно (69).

Здравиот однос е опишан со диференцијална конструкција која вклучува голем број заеднички интереси, како и некои уникатни или поединечни карактеристики на браќата и сестрите како пар. Здравите односи дозволуваат сличности во интересите, но и индивидуалност помеѓу браќата и сестрите, за разлика од односите кои се премногу строго дефинирани или оние кои се недефинирани, симболички или заплеткани (69).

Адекватни или добри релации во семејството се генерално карактеризирани со постоењето на одржливи заеднички и индивидуални психолошки граници на приватноста, одредени меѓусебни заеднички **сличности во интереси**, но исто така и разлики помеѓу членовите, ниска вредност на принуда / присила и високо ниво на емпатија (69).

**Емпатија претставува способност да сочувствуваме со друго лице, да ги согледаме перспективите на другиот и се смета за есенцијална во една врска.**

Еден од деловите во конструкцијата во развојот на здрави семејни односи е флексибилната и споделената дистрибуција на моќ меѓу семејните членови. Скоро и по дефиниција, физички и емотивно навредливите односи се карактеризираат со нерамномерна прераспределба на моќта. Жртвите често се принудени на вршење на акти и дела против нивната желба. Насилството помеѓу братот и сестрата се случува многу почесто за разлика од насилството меѓу родителите и децата или насилството меѓу сопружниците (69).

Во текот на детството, ова структура на моќ може да резултира со утврдување на неправедна жртва и сторителски улоги. Иако примената на принудна

контрола е пронајдена во семејства во кои има семејно насилство, браќата и сестрите можат да се заплеткаат во нивната сопствена борба за превласт и моќ, без разлика дали родителите се активно вклучени во борбата за контрола во семејството (69).

## 3. Аутизам и ефектот врз односот кај браќата и сестрите

Аутизмот игра големо влијание во функционирањето на семејството, а воедно остава и посебен печат на квалитетот на поврзаноста меѓу браќата и сестрите во семејството.

Просечно 80% од децата со попреченост имаат брат или сестра без попреченост. Тоа значи дека последиците што со себе ги носи попреченоста имаат влијание, не само на родителите, туку и на браќата и сестрите во голема мера (70).

Поголемиот дел од студиите кои го проучуваат овој специфичен однос се согласуваат околу тоа дека браќата и сестрите го опишуваат својот однос генерално како позитивен, иако постојат и некои негативни аспекти како што се: непријатноста и срамот кој го чувствуваат поради непредвидливото и непријатно однесување во јавноста од страна на братот или сестрата со аутизам (71). Браќата и сестрите искусуваат „неправда“ / помала „предност“ во релациите со врсниците, при што се чувствуваат изоставени и различни во споредба со браќата и сестрите од „редовните“ семејства (72).

Честа појава кај братот или сестрата кои не се афектирани со аутизам е да се развие некаков вид психолошко нарушување во нивниот напор да го привлечат вниманието на родителот. Кога родителот постојано и несвесно се преокупира со детето за кое смета дека му треба поголемо внимание на сметка на другото кое не сакајќи го запоставува, детето сфаќа дека можеби единствен начин да го привлече родителот кон себе е со продуцирање на свои проблеми (73). Многу истражувачи потврдуваат дека кај овие деца се среќаваат психолошки нарушувања и проблеми во

поголема мера, во споредба со браќата и сестрите на децата со друг вид на нарушувања во развојот. На пример Голд (Gold, според Patalas и соработниците 2009) ги компарирал нивоата на депресија помеѓу браќата и сестрите на деца со дијагностициран аутизам и браќата и сестрите на деца без дијагностициран аутизам, при што првите покажале повисоки резултати на скалата за детска депресија (Childrans Depression Inventory) – CDI (74).

Во својата студија Пиловски (Pilowsky) и соработниците, проучувајќи ја способноста за социјално и емоционално прилагодување кај браќата и сестрите на децата со аутизам, пронаоѓа дека прилагодувањето кај овие деца е во остар контраст со сложените социјални и емоционални карактеристики на аутизмот. Ваквата состојба е сосема разбирлива, земајќи го предвид стресот кој е инволвиран во имањето брат или сестра со аутизам (75).

Но, имањето брат или сестра со аутизам не мора да значи дека на детето му е потребна и професионална помош од страна на терапевт, туку само во случај ако детето подолг период се чувствува загрижено, нерасположено, тажно или луто, тогаш би имало корист од професионален третман (76).

Додека пак според Кјускели и Ган (Cuskelly и Gunn), браќата и сестрите на децата со аутизам ја преземаат улогата на учители, ментори и негуватели (77).

Некои од децата пријавиле дека дружењето со нивниот брат или сестра со аутизам е вистинско задоволство, при што тие навистина се горди доколку можат позитивно да влијаат на истите и да ги научат на некоја социјална вештина (78). На некој начин, тие сочувствуваат со своите браќа и сестри и често се нудат себеси за помош, а тоа е така затоа што се свесни дека кога ќе порасне нивниот брат или сестра со дијагностициран аутизам, ќе живее многу поразличен живот од нивниот.

Некои од лицата со попреченост се во таква состојба што би им била потребна нега и грижа од страна на трето лице во текот на целиот живот, со што реално се доведени во позиција да ги надживеат своите родители. Во тој случај, браќата и сестрите на тие лица се оние кои би ја презеле грижата за нив кога тоа ќе биде неопходно. Од страна на многу истражувачи е сугерирано дека од особена важност е да се разберат и сфатат надежите и очекувањата од страна на браќата и

сестрите кое ќе овозможи нежна транзиција помеѓу родителите и возрасните брат или сестра (79).

Значајно е да се напомене дека кај овие деца се среќава чувство на вина и страв дека можеби на некој начин тие се одговорни за состојбата на братот и сестрата. Проблеми со идентитетот не се реткост, при што детето има тајни стравови дека и тоа може да биде афектирано од таквата состојба на некој начин. Психолошкиот стрес е често присутен, при што тие можат да чувствуваат потреба да го надополнат или надоместат она што братот и сестрата афектирани со аутизам не е во состојба да го направат (80).

Студија изведена од Универзитетот на Северна Каролина во САД пронаоѓа дека на браќата и сестрите на децата афектирани со аутизам не им е потребна некоја дополнителна интервенција затоа што нивната состојба е сосема во ред. Сметаат дека таквата состојба се должи на позитивниот себе - концепт и академските достигања, што пак е резултат на подобрената провизија на сервисите за браќата и сестрите на децата со аутизам и нивните семејства во САД. Студијата исто така покажува дека не постојат разлики во академските постигања, себе - концептот или пак домашното или училишно прилагодување на овие деца во споредба со браќата и сестрите на децата од редовната популација (80).

Мек Хејл (McHale, според Glass, 2001) сугерира дека браќата и сестрите на децата во кои семејството е поголемо по бројност се прилагодуваат полесно, за разлика од децата во помалобројни семејства. Таа воедно пронаоѓа дека поголемото семејство е поврзано со помало количество на непријатност и чувство на товар предизвикано од братот или сестрата со аутизам (80).

Зошто некои браќа и сестри се меѓусебно покомпатибилни од други? За да одговорат на тоа прашање, истражувачите мора да го препознаат системот во кој егзистираат тие единки (80).

Последиците од имањето брат или сестра со аутизам кон братот или сестрата кои не се афектирани од аутизам, можат да бидат како позитивни, така и негативни, а се условени од поголем број фактори:

- семејното опкружување, како на пример, бројот на децата во семејството (81).

- брачниот стрес на родителите и достапноста до ресурсите за социјална поддршка (82).

Исто така, тука се набројуваат и неколку фактори кои директно се поврзани со детето кое е неафектирано со аутизам:

- релацијата помеѓу децата е многу попозитивна кога грижата за иднината, чувството на отфрленост и родителското фаворизирање е сведен на минимум, перципирано од страна на ова дете;
- кога невро - типичното дете пријавува дека братот или сестрата со аутизам е прифатен позитивно од страна на родителите или врсниците;
- кога невро - типичното дете се чувствува способно да се справи со попреченоста на братот или сестрата.

Во студијата на Мек Хејл и соработниците се сугерира дека ќе постои голема предност за браќата и сестрите на децата со аутизам доколку на овие деца им се овозможи да ги истражуваат, модифицираат своите мисли и чувства кон своите браќа или сестри во однос на последиците кои ги чувствуваат од имањето дете со попреченост во семејството (83).

Проучувајќи ги со големо внимание чувствата и мислите на децата кои во своето семејство имаат брат или сестра со аутизам Метју, Леонд и Вит (Mathew, Leond и Whit, според Kelley, 2008) објаснуваат дека во раните фази на развој во своето детство, браќата и сестрите, сепак, можат да разберат и сфатат дека постои нешто што е поинакво кај нивните браќа или сестри во споредба со нив самите. Но, без разлика на тоа, истите би очекувале да имаат нормална интеракција и комуникација. Исто така, можат да се јават и недоразбирања за тоа како попреченоста се развива, плашејќи се да не се „заразат“ (84).

## 4. Семејството и попреченоста

Со определбата на семејството како примарна општествена група, не може да не се потенцира ставот на познатиот американски антрополог Маргаред Мид која вели дека семејството е институција на која ѝ ја должиме човечноста, затоа што не е познат друг начин на кој се создаваат човечки суштества, освен со воспитување во рамките на семејната заедница (85).

Рот (Rot, според Митиќ, 2011) смета дека семејството претставува значаен и важен фактор на дејствување токму затоа што е примарна мала група во која емоционалните односи се интензивни, интеракцијата е долготрајна и разновидна, а заемната зависност и влијание се големи (86).

Семејството е единствено и по природата и по интензитетот на емоциите на нејзините членови (родителите развиваат интензивна поврзаност со своите деца, луѓето стапуваат во брак од љубов итн.) Трајноста на припаѓањето на семејството и интензитетот на емоциите во него може да носи големи ризици доколку постојат конфликти кои генерираат негативни емоции (86).

Семејството како такво следи квалитативни цели како што се: блискост, развој, нега и чувство за припаѓање, што не значи дека му недостасуваат и квантитативни цели како: задоволување на основните потреби на членовите за храна, засолниште, гардероба и сигурно опкружување.

Основна карактеристика на семејството е алтруизмот, т.е. чувството на меѓусебна одговорност и должност кое е фундаментално и повеќе обврзувачко од правно пропишаните обврски и опфаќа: емпатија, благост и фер однос (86).

Генерациската поврзаност и трајност се единствени за семејната сфера и не постојат во ниту една област на човечкото искуство - во основа на правните методи е семејството да го претстават како што потрајно (децата не се усвојуваат привремено, бракот не се третира како привремен) и семејните врски практично се нераскинливи (87).

За родителите е еднакво на неподнослив товар сознанието дека нивното дете има попреченост, особено од аутистичен спектар. Тие во првиот момент поминуваат низ фази на шок и одрекување:

- „Не е фер“;
- „Не може да е вистина!“;
- „Зошто токму тој?“;
- „Зошто токму ние?“.

Чувството на неправда и лутина, грижата на совест, чувството на немоќност и очајување можат да ги преплават родителите дури и пред тие конечно да го прифатат своето дете онакво какво што е.

Со време, доколку се без поддршка и пристап до добра информација, менталното и психичкото здравје можат да бидат засегнати, при што може да се јават:

- негативни чувства на беспомошност, очај;
- стрес на родителот предизвикан од бихејвиоралните, социјалните и комуникациските проблеми кај детето;
- ментално пропаѓање и стрес при барањето адекватна поддршка и сервиси за целото семејство, барање помош околу грижата за детето и неговите потреби;
- недостаток на сон и можност за релаксирање води кон генерална физичка истоштеност;
- грижа и вознемиреност за иднината (состојбата на детето е прогресивна, постои можност од брачно распаѓање и останатите деца во семејство имаат свои потреби на кои треба да се одговори) (88).

Она што го разликува семејството во кое има дете со аутизам од семејствата во кои нема попреченост кај никој од членовите е тоа што во центарот на вниманието и центарот околу кој се движи семејниот живот, се организира и одвива е детето со аутизам. Во таква ситуација постојат семејства во кои се зголемува бројот на единствените членови чиј живот се движи околу детето со аутизам. Овие деца исто така стануваат центар на акција и во животот на нивниот брат и сестра (89).

Главниот недостаток на аутизмот е недостатокот во комуникација и социјалната интеракција и може да ја афектира реципрочната природа на родителско - детскиот однос и близината која ја уживаат родителите со својот син или ќерка во подоцнежниот живот (90).

Многу истражувачи во своите студии имаат документирано дека мајките и татковците на децата со аутизам искусуваат многу поголемо количество на стрес и тешкотија, отколку родителите на децата без попреченост. Во тој контекст, Хастинг (Hasting) и соработниците сугерираат дека мора да се има предвид специфичната состојба на овие деца и нивното влијание кое го имаат врз секојдневната семејна рутина (91).

Семејната рутина претставува основа на која се организираат секојдневните активности, се градат културните вредности и убедувања, со чие постоење се обезбедува стабилност во секојдневниот живот.

Децата со аутизам многу често имаат ритуални однесувања кои оневозможуваат да се спроведе таа рутина. Семејствата во кои има дете со аутизам имаат тешкотија во организирањето на една функционална семејна рутина. Истата, вклучувајќи го училиштето и работата на родителите, може да се доведе под знак прашање кога детето не е флексибилно и не сака да се одвои од својата шема на однесување (92).

Де Грејс (De Grace, според Schaaf, 2011) смета дека улогата на стабилна семејна рутина е уште поголема кога се знае дека таа претставува еден вид стабилизирачка сила во семејството, им обезбедува идентитет, промовира здравје и психичка благосостојба на членовите на семејството (93).

Во истражувањето спроведено од страна на Марфи (Marphy) и соработниците каде што во фокус се наоѓа психолошката состојба на родителите (згрижувачи) на лица со попречености, се јавува нивна лоша психолошка благосостојба која се должи на тешките задачи околу грижата за децата. Тие дури најчесто ги занемаруваат и своите хронични болести (94).

Проблематичното однесување на децата и неможноста да се справат со него им создава чувство на родителите дека не треба да го напуштаат домот, при што како краен резултат се јавува чувството на екстремна изолираност (95).

Состојбата на детето е примарен фактор зад:

- анксиозноста и стресот кај родителите на децата со аутизам;
- професионалното напредување;
- заработувачката моќ (96).

Споредено со родителите на децата од редовната популација, родителите на децата со аутизам пријавуваат послаб квалитет на сонот, што несомнено се должи на зголеменото количество стрес кој го искусуваат (97).

Негативните последици вклучуваат намалување на инволвираноста од страна на таткото околу грижата за детето и зголеменото количество стрес во семејството. Иако поголемиот број истражувачи пријавуваат тешкотии во родителството на дете со попреченост, има и такви кои пронаоѓаат дека постојат и позитивни придобивки (98).

Тука би морало да се додаде и фактот дека родителите на децата со попречености не само што мораат да обезбедат повеќе време, енергија и ресурси за да обезбедат благосостојба на своето дете, туку исто така, овие важни квалитети мораат да ги обезбедуваат во подолг временски период (99).

На кој начин ќе бидат афектирани родителите од имањето дете со попреченост, зависи како од надворешните околности, така и од семејните карактеристики.

Во надворешни околности спаѓаат:

- семејниот, месечен приход на средства;
- нивото на кое се прифатени членовите на семејството со попреченост во заедницата.

Индивидуални карактеристики на семејство:

- проблеми во семејство (депресија или проблеми во бракот);
- духовност, т.е. верба во Бог и учество во религиозни активности;
- нивото до кое родителот бара поддршка и асистенција од страна на други семејства или членови од поширокото семејство (100).

## 5. Видувањата на родителите во врска со односот помеѓу нивните деца

Живеењето со брат или сестра кои имаат аутизам ја прави меѓусебната поврзаност единствена и посебна, но едно сигурно е јасно - кога едно од децата има аутизам, таквата позиција има влијание врз секој член од семејството.

Многу фактори имаат влијание врз моделирањето и формирањето на односот помеѓу братот или сестрата, како на пример: полот, возраста, карактерот, темпераментот, додека децата, опишувајќи го формирањето на својот однос со братот или сестрата, напомнуваат дека за тој однос големо влијание имаат родителите со своите реакции во однос на прифаќањето и прилагодувањето кон братот или сестрата кои имаат аутизам. Особено значајна е позицијата на мајката која има улога во формирањето на толеранцијата, сочувството, учењето да се биде трпелив и способноста за справување со тешки ситуации (101).

Давањето помош при формирањето на сложната братско - сестринска релација е еден од најголемите предизвици на родителството (102).

Исто така, и во студијата спроведена од страна на Сенар и Фиш (Senner и Fish) се потврдува дека родителската перцепција често се разликува од перцепцијата на децата (103).

Во студијата направена од страна на Нилсен (Nielsen) и соработниците, а чиј предмет на истражување е перцепцијата од страна на родителите во врска со односот помеѓу децата кога во семејството има дете со некоја хронична состојба, во кои се вклучени меѓу останатите и деца со аутизам и Даунов (Down) синдром, дојдено е до заклучок дека генерално постојат разлики во односот меѓу децата во зависност дали односот го перципира мајката или таткото. Заедничко за нив е дека односот помеѓу децата го рангираат главно како позитивен. Перцепцијата на родителите е дека браќата и сестрите на децата со некоја хронична состојба знаат да сочувствуваат, расположени се да помогнат и да се вклучат во семејните обврски и дека многу ретко се повлекуваат. Како што и во литературата е поддржано, не е невообичаено овие браќа и сестри да поминуваат повеќе време во дружење со браќата и сестрите со попреченост, за разлика од децата во семејство во кое не е

присутна попреченост, при што играат со нив или пак им помагаат на мајката и таткото во негувањето.

Но сепак, доаѓаме до сознание дека кога татковците го опишуваат односот на своето, условно кажано, здраво дете кон детето со аутизам, сметаат дека синовите се пољубезни и сакаат да бидат вклучени во воспитувањето на братот или сестрата, додека ќерките, пак спротивно на тоа, се однесуваат ладно и резервирано. Мајките пак сметаат дека поголема помош добиваат од ќерките за разлика од синовите кои се ладни, резервирани и неуслужни (104).

Мајките исто така сметаат дека повозрасните, условно кажано, здрави деца се подистанцирани и поладни за разлика од помладите, додека пак татковците не ја гледаат таа разлика (104).

## 6. Социјална поддршка

Раѓањето на дете со попреченост, вклучително и аутизам, носи стрес во семејството. Според Сиворд (Seaward) стресот претставува неможност да се справи со примената реална или имагинарна закана врз нашата ментална, физичка, емоционална и духовна благосостојба, што резултира со серии психосоцијални одговори и адаптации (105).

Истражувачите на оваа проблематика пронаоѓаат дека една индивидуа е поспособна да се справи со стресот доколку постојат:

- стратегии за социјална поддршка;
- пронаоѓање на смислата на животот;
- користење хумор во секојдневието;
- практикување на физичка вежба.

Семејствата искусуваат три типа на стрес, поврзани со имањето на дете со попреченост:

- емоционален стрес;
- материјален стрес;

- физички стрес.

Емоционалниот стрес вклучува тага, депресија и жалење, поврзани со раѓањето на детето. Материјалниот стрес е предизвикан од скапото чинење на третманите како составен дел од терапијата. Физичкиот стрес се акумулира како резултат од потребите за грижа на детето во вид на недостаток од сон или физичка потреба од транспорт на детето до терапевтот (106).

Без разлика на фактот дали семејствата успешно се справуваат со прифаќањето на дијагнозата на своето дете, ефективни сервиси кои имаат за задача да ја следат состојбата на семејствата се добредојдени и им носат голема корист. Ваквите сервиси можат да придонесат и да помогнат во процесот на прифаќањето на дијагнозата. Тие можат да обезбедат нови техники при справувањето со однесувањето на детето и да ги подобрат родителските вештини во обезбедувањето на потребните сервиси. Можат да ја поттикнат и охрабрат родителската грижа за себе. Дури и кога семејството е спремно да ја прифати дијагнозата, потребно е време таа да се процесира. Поддршката може да му помогне на семејството да се снаоѓа во комплексниот едукациски, социјален и медицински систем. Континуираната поддршка е неопходна за да му помогне на семејството подобро да се адаптира на последиците од дијагнозата кои се јавуваат со текот на времето (107).

Социјалната поддршка е повеќеслоен термин кој опишува аспекти од социјалниот контекст на поединецот кој може да ја зголеми психичката и физичката благосостојба на единката (108).

Во литературата се среќаваат неколку типа на социјална поддршка и тоа во вид на формална и неформална социјална поддршка. Формалната социјална поддршка се дефинира како асистенција која е социјална, психолошка, физичка или финансиска, и е достапна како бесплатна, организирана од страна на група или агенција. Неформалната социјална поддршка се дефинира како мрежа која го вклучува потесното и поширокото семејство, пријателите, соседите и други родители на децата со попреченост. Херман и Томсон (Herman и Thompson, според Plumb, 2001) пронаоѓаат дека родителите ја потврдуваат неформалната социјална поддршка како поголем вид асистенција, додека формалната во форма на

родителски групи, социјални клубови и дневни центри не им е доволно достапна (109).

Важноста на посебните сервиси за социјална поддршка произлегува од таму што во литературата која се однесува на духовната благосостојба на згрижувачите и родителите на деца со аутизам се сугерира дека перципираните позитивни карактеристики на индивидуата на која ѝ се дава помош, се клучни во детерминацијата на позитивниот краен резултат. Греј (Grey, според Steiner, 2011) потврдува дека идентификувањето на позитивните карактеристики на детето и на односот со него, за родителите на дете со аутизам можат да бидат од полза затоа што стресните состојби предизвикани од попреченоста се хронични и не можат лесно да бидат коригирани (110).

# II. ДЕЛ
# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите во семејствата кои имаат дете со аутизам.

## 2. Цел на истражувањето

Основна цел на ова истражување е:

- Да се истражи квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата кои имаат дете со аутизам.
- Да се направи споредба на квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата кои имаат дете со аутизам и квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите од контролната група составена од браќа и сестри на децата неафектирани со аутизам.
- Да се утврди нивото и карактерот на перцепцијата и очекувањата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу нивните деца кога во семејството има дете со аутизам.
- Да се направи споредба помеѓу нивото и карактерот на перцепцијата и очекувањата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу нивните деца кога во семејството има дете со аутизам и нивото и карактерот на перцепцијата и очекувањата од страна на родителите од контролната група составена од родители на децата неафектирани со аутизам.

## 3. Задачи на истражувањето

**Задачи на истражувањето се:**

1. Да се утврди нивото на перципираната *емпатија* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
2. Да се утврди нивото на перципираното *одржување на границите на приватноста* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
3. Да се утврди нивото на перципираната *принуда* / *присила* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
4. Да се утврди нивото на перципираната *сличност во интересите* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
5. Да се утврди нивото на перципираната *приврзаност* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
6. Да се утврди нивото на перципираното *непријателство* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
7. Да се утврди нивото на перципираното *соперништво* во меѓусебниот однос од страна на браќата и сестрите.
8. Да се утврди нивото на перципираната и очекуваната *блискост* од страна на родителите во односот помеѓу нивните деца.
9. Да се утврди нивото на перципираната и очекуваната *нетрпеливост* од страна на родителите во односот помеѓу нивните деца.
10. Да се утврди нивото на перципираното и очекуваното *соперништво* од страна на родителите во односот помеѓу нивните деца.

## 4. Хипотези на истражувањето

# Хипотези

**А. Нивото на позитивните карактеристики на односот меѓу браќата и сестрите е повисоко кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од семејствата каде што нема дете со аутизам.**

А. 1 Нивото на *емпатијата* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата во кои има дете со аутизам, за разлика од нивото на емпатија во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

А. 2 Нивото на *сличноста* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *сличност* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

А. 3 Нивото на *приватноста* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *приватноста* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

А. 4 Нивото на *приврзаноста* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *приврзаноста* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

**Б. Нивото на негативните карактеристики во односот меѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на негативните карактеристики во односот меѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.**

Б. 1 Нивото на *принуда* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *принуда* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

Б. 2 Нивото на *непријателство* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *непријателство* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

Б. 3 Нивото на *соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам.

**В. Нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам.**

**Г. Нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам.**

**Д. Нивото на *очекуваните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам.**

Д. 1 Нивото на очекувана *нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониска во семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото на очекувана *нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата кои немаат дете со аутизам.

Д. 2 Нивото на *очекуваното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониска во семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата кои немаат дете со аутизам.

**Ѓ. Нивото на *перципираните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *перципираните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам.**

Ѓ. 1 Нивото *на перципираната нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото *на перципираната нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои немаат дете со аутизам.

Ѓ. 2 Нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои немаат дете со аутизам.

## 5. Варијабли

*Варијабли во истражувањето се:*

- квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите на децата со аутизам и на децата без аутизам;
- семејства на децата со аутизам и семејства на децата без аутизам.

***Релевантни варијабли:***

- Пол
- Возраст
- Редот на раѓање
- Разликата во годините.

Релевантните варијабли служат за изедначување на испитуваната и контролната група браќа и сестри по дадените карактеристики.

## 6. Методи, техники и инструменти

***Методи:***

- Дескриптивен метод
- Метод на компаративна анализа.

***Техники:***

- Анализа на документација.
- Анкета.

***Инструменти:***

- Прашалник за браќата и сестрите кој истражува перцепција на односот помеѓу брат и сестра (The Brother & Sister Questionaire BRQ, Graham- Bermann & Cutler, 1994) (111, 112), прилог број 1.

  Преведен и прилагоден од страна на Илиќ Пешиќ М. и Гиевска А. (2012).
- Прашалник за браќата и сестрите кој го истражува односот помеѓу браќата и сестрите (**Sibling Relationship Inventory- SRI, Stocker C, M & Mc Hale, S. M. 1992)** (111, 112), прилог број 2.

  Преведен и прилагоден од страна на Илиќ Пешиќ М. и Гиевска А. (2012).
- Прашалник за родителите кој ги проучува очекувањата и перцепцијата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу нивните деца (**Parental Expectations and Perceptions of Children's Sibling Rlationships Questionaire – PEPC-SRQ. Kramer & Baron, 1995)** (111, 112), прилог број 3.

  Преведен и прилагоден од страна на Илиќ Пешиќ М. и Гиевска А. (2012).
- Демографски прашалник - основни податоци од децата кои земаат учество во ова истражување.

***Опис на инструментите***

**1. Прашалник за браќата и сестрите (The Brother& Sister Questionaire BRQ, Graham-Bermann & Cutler, 1994).**

Инструментот е во вид на прашалник, составен од 35 ајтеми кои ја истражуваат перцепцијата на односот меѓу братот и сестрата и тоа низ 4 различни категории:

- сличност во интереси (similarity);
- принуда, присила (coercion);
- одржување на границите на приватноста (boundery maintenance);
- емпатија (empaty).

Одговорите се градираат на Ликертова скала со пет степена, при што партиципиентот ја дефинира појавата со градација од 1 - неточно до 5 - секогаш точно. Од добиените одговори се формираат 4 суб - скали од кои секоја суб - скала одговара на една варијабла која ја мери и тоа: сличност на интересите - 9 ајтеми, принуда - 6 ајтеми, одржување на границите на приватноста - 6 ајтеми и емпатија - 14 ајтеми.

Алфа вредноста во истражувањата кои се вршени изнесувале: емпатија 0,92; сличности 0,73; принуда 0,69 и одржување на границите на приватноста 0,83. Тест-ретест за 10 дена покажал резултати: 0,67; 0,75; 0,66 и 0,65 поединечно.

**2. Прашалник за односот меѓу братот и сестрата (Sibling Relationship Inventory - SRI, Stocker C, M & Mc Hale, S. M. 1992).**

Овој инструмент е во вид на прашалник составен од група од 20 прашања кои се дизајнирани да допрат до чувствата кои ги имаат братот или сестрата еден кон друг.

Категории кои се мерат:

- привrзаност (affection);
- непријателство (hostillity);
- соперништво (rivalry).

Градацијата на одговорите во првиот дел од прашалникот кој е составен од 9 прашања е распоредена во Ликертова скала со пет степена, при што одговорите варираат од - помалку од еднаш неделно, до - неколку пати дневно. Останатите 11 прашања се исто распоредени во Ликертова скала со 5 степена, при што одговорите се градираат во опсег од 1 - скоро никогаш, до 5 - секогаш. Од овој прашалник произлегуваат 3 суб-скали кои мерат различни варијабли, па така приврзаноста се мери со 8 прашања, непријателство - 5 прашања и соперништво - 4 прашања. Три од постоечките прашања во прашалникот не влегуваат во процесот на обработка на податоците.

На примерок од 152 семејства, Алфа вредноста била 0,82; 0,74 и 0,84 за суб - скалите кои мерат приврзаност, непријателство и соперништво и тоа за група испитаници со просечна возраст (10,5) години. Алфа вредноста за помлада група испитаници (7,3) била 0,72; 0,71 и 0,88. Тест - ретест во растојание од една година корелација за примерок од 103 деца од 10 до 11 години бил 0,64; 0,32 и 0,51. Валидноста била добиена со корелација помеѓу детските рангирања на приврзаноста, непријателството и соперништвото и на нивното рангирање на задоволството од односот со своите браќа или сестри.

**3. Прашалник за очекувањата и перцепцијата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите кај децата (Parental Expectations and Perceptions of Children's Sibling Relationships Questionaire – PEPC-SRQ. Kramer & Baron, 1995).**

Прашалник кој е составен од два дела од 24 базични прашања, а главната цел е да ги истражи перцепцијата и очекувањата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот на нивните деца. Категориите кои се во фокус на овој прашалник се:

- блискоста (warmth);
- нетрпеливоста (agonism);
- соперништвото (rivalry).

Овој прашалник ни обезбедува два основни скора. Првиот скор, односно првиот дел од прашалникот се однесува на очекуваниот квалитет на односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, при што родителите одговараат на прашања од аспект на тоа каков би требало да биде односот помеѓу нивните деца. Вториот дел кој е составен од истите прашања, со тоа што се бара од родителот да оцени каков е навистина односот помеѓу децата во семејството, односно да го оцени перципираниот квалитет на односот помеѓу браќата и сестрите.

На секое од прашањата од двата дела се проценува фреквенцијата на дадено однесување, при што во првиот дел се оценува од аспектот на пожелност, додека во вториот дел од аспект на перципираниот постоечки однос. Можните одговори се распоредени на Ликертова скала со пет степена каде што родителот со одговорите се движи во скалата во распон од 1 - никогаш, до 5 - секогаш.

Во вториот дел од прашалникот постојат 3 суб - секции на базичните прашања, вертикално подредени една до друга на страницата. Во првата секција, одговорите се рангираат исто како и во првиот дел од прашалникот, во втората секција во Ликертова скала со 4 степена одговорите варираат од распон на 1 - тоа не е проблем, до 4 -тоа е проблем. При одговарање на третата вертикала, одговорите се бележат на скала со 5 степена која варира од 1 - тешко, до 5 - едноставно. Четвртата вертикала проценува во кој степен му е потребна помош на родителот во справувањето со ваквото однесување, при што скалата е од 3 степена, а одговорите се движат од 1 - не треба помош, до 3 - неопходна е помош. Овие дополнителни три димензии не беа од интерес за ова истражување, заради што беше искористена и анализирана само првата вертикала од вториот дел од прашалникот.

Алфа вредноста е пресметувана одделно за резултатите од податоците за браќата и сестрите кои се согласуваат и за перципираниот однос помеѓу братот и сестрата. Стандардите за блискост, нетрпеливост и соперништво имаат алфа вредност: 0,86; 0,88; 0,81 поединечно. Алфа вредноста за перципираниот однос помеѓу браќата и сестрите била: 0,86; 0,73 и 0,76. Тест - ретест релијабилноста после 3 месеци период бил 0,74; 0,86 и 0,77 за стандардите и 0,71; 0,47 и 0,37 за перципираниот однос.

**2. Демографски прашалник**

Прашалникот е наменет за браќата или сестрите кои ќе земат учество во оваа истражување и има за цел да собере основни податоци како:

- пол;
- возраст;
- редот на раѓањето;
- разликата во годините.

Податоците добиени од демографскиот прашалник имаат големо знаење при изедначувањето на контролната и испитуваната група во однос на полот, возраста, редот на раѓањето и разликата во годините.

По карактер, ова студија е квантитативна студија, современа - проучува актуелна проблематика во семејството, компаративна затоа што прави корелација помеѓу различни категории на испитаници, во зависност дали во семејството постои дете афектирано со аутизам.

## 7. Популација и примерок

Примерокот во ова истражување беше составен од 4 групи на испитаници.

1. Брат или сестра на дете со аутизам (6-18 години) - 33 испитаника.
2. Контролна група од деца составена од брат или сестра на дете од семејство каде што нема дете афектирано со аутизам (6-18 години) - 33 испитаника.
3. Родител на дете од испитуваната група - 33 испитаника.
4. Родител на дете од контролна група - 33 испитаника.

Услов за учество на ова истражување беше браќата и сестрите кои имаат два заеднички биолошки родители да живеат заедно, во комплетно семејство.

Испитаниците од контролната група браќа или сестри се изедначени по полот, возраста и редот на раѓањето со испитаниците од испитуваната група.

## 8. Статистичка обработка

Податоците за ова истражување беа прибрани со помош на 3 прашалници: Прашалник за браќата и сестрите; Прашалник за односот помеѓу браќата и сестрите; и Прашалник за очекувањата и видувањата од страна на родителите во врска со квалитетот на односот помеѓу нивните деца. Секој од овие прашалници обезбедува скор на раци - скалата преку собирање на секое од прашањата. По соодветно прибирање на податоците, се премина кон нивно нумерирање, кодирање и внесување во соодветна статистичка програма. За ова истражување беше користена статистичката програма за обработка на податоци SPSS 21 for Windows.

Потоа, податоците беа групирани и табелирани, по што се пристапи кон пресметување на дескриптивите на секоја од групите на варијабли, како и на демографските карактеристики на испитаниците. Притоа, се направи приказ и на мерките на централна тенденција, како и на мерките на варијабилноста. Се анализираа фреквенциите, процентите, аритметичката средина, стандардното отстапување и опсегот на резултатите. За тестирање на истражувачките хипотези се користеа тестови кои испитуваат разлики помеѓу групите и кои беа најсоодветни според видот на податоци со кои располага ова истражување, како и во однос на карактеристиките на дистрибуциите на варијаблите. За тестирање на хипотезите се користеа ***Mann – Whitney U*** и ***Wilcoxon W*** тестот, за независни и корелирани податоци, соодветно. Овие тестови беа избрани како најсоодветна непараметриска алтернатива на t - тестот. За статистички значајна разлика беше сметана разликата на ниво на значајност од $p < 0,05$.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Пред сѐ, на почетокот беше извршена идентификација, дефинирање на проблемот и изработка на план за текот и спроведувањето на истражувањето.

Првин обезбедивме потребно одобрување од соодветни институции, како и одобрување да се спроведе самото истражување. Институциите кои овозможија да се спроведе нашето истражување се следниве:

- ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово.
- ООУ „Крсте Мисирков“ – Куманово.
- ПОУ „Д-р Златан Сремац“ - Скопје.
- ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес.
- ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Куманово.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби “ Железара” Скопје.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Тетово.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Делчево.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Кавадарци.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Штип.
- ЈУ МЦСР Дневен центар за лица со посебни потреби  Гевгелија.

Истражувањето се одвиваше по стапувањето во контакт со семејствата од страна на истражувачот, при што беа делени прашалниците, како на браќата или сестрите, така и на еден од родителите, во нашиот случај мајките.

Паралелно со прибирање на податоците, се вршеше и анализа на документацијата, а која се однесува на проблемот на истражувањето (научна домашна и странa литература, интернат ресурси, статии објавени во различни публикации). Откако беа собрани сите податоци, се премина на нивна статистичка обработка, која беше претходно наведена.

По комплетното завршување на истражувачкиот процес, се пристапи на нивната статистичка обработка.

Истражувањето беше спроведено во периодот од почетокот на април, 2012 година, до крајот на септември, 2012 година.

# III. Анализа на резултатите

## 1. Дескриптивна анализа на податоците

Ова истражување опфати две основни подгрупи на испитаници: семејствата на децата кои имаат аутизам и семејствата на децата од контролната група, т.е. семејствата од, условно кажано, редовната популација. Во секоја подгрупа се испитуваа браќата и сестрите на децата со аутизам и браќата и сестрите на невро - типичните деца. Воедно беа испитувани и по еден од родителите на истата целна група, а во нашиот случај тоа беа мајките.

Во ова истражување зедоа учество вкупно 132 испитаника, од кои 66 беа членови на семејство каде што има дете со аутизам, а 66 беа членови на семејство од контролната група од, условно кажано, редовната популација. Важно е да се наспомене дека не беа испитувани директно децата со аутизам и нивните соодветни парови од контролната група, туку податоците беа добивани од членовите од семејството.

Структурата на испитаниците подетално е прикажана во табелата 1.

**Табела1.** Приказ на испитаниците по групи

| | **Испитувана група** | **Контролна група** |
|---|---|---|
| **Брат / сестра** | 33 | 33 |
| **Родител (мајка)** | 33 | 33 |

Во однос на полот, испитуваната група деца беше изедначена со контролната група, при што се доби следнава распределба:

Вкупниот број на деца со аутизам од испитуваната група и невро-типичните деца од контролната група во однос на кои се однесуваше истражувањето беа: деца

со аутизам и невро - типични деца - вкупно 33, од кои од машки пол 31 (93,94%), а од женски пол 2 (6,06%). Браќата и сестрите на децата со аутизам и браќата и сестрите на невро - типичните деца, вкупно 33, од кои машки 17 (51,52%) и женски 16 (48,48%), (табела 2, слика 1).

**Табела 2.** Полот на деца кои земаа учество во ова истражување

| Пол на децата кои земаа учество во ова истражување | | |
|---|---|---|
| | **Пол на децата со аутизам / невро - типично дете** | **Пол на браќата и сестрите на децата со аутизам / невро - типични деца** |
| **Машки** | 31 (93,94%) | 17 (51,52%) |
| **Женски** | 2 (6,06%) | 16 (48,48%) |
| **Вкупно** | 33 | 33 |

А. Б.




**Слика 1.** *А. Пол на дете со аутизам / невро типично дете. Б. Пол на браќата и сестрите на децата со аутизам / браќата и сестрите на невро - типичните деца.*

Иако примарно интересот на истражувањето беше насочен кон децата кои имаат аутизам, примарни извори на информации беа нивните браќа / сестри и родители. Во однос на половата и возрасната структура на браќата и сестрите се внимаваше на тоа да се запази присуството на двата пола подеднакво, како и да се направи балансирање во однос на возраста и возрасната разлика помеѓу детето кое има аутизам и неговиот брат / сестра. Истиот принцип на распределба на испитаниците се применуваше и во контролната група.

Исто така, испитаниците беа испитани и по однос на нивната возраст. Притоа се покажа дека средната вредност на децата со аутизам е M = 11 со SD = 2,77 при што најмладиот имаше 5, а најстариот 16 години.

Во однос на нивните браќа и сестри, просечната возраст изнесуваше M = 12, 55 со SD = 4, 33, при што најмладиот испитаник имаше 6 години, а најстариот 18 години.

И по однос на возраста, испитуваната и контролната група се во целост изедначени.

Овие резултати се прикажани табеларно во табелата 3.

**Табела 3**. Возраст на децата кои зеле учество во истражувањето од испитуваната и контролната група

| | **M** | **SD** | **Минимум** | **Максимум** |
|---|---|---|---|---|
| **Возраст на дете со аутизам / Н - Т дете** | 11,00 | 2,77 | 5 | 16 |
| **Возраст на брат или сестра** | 12,55 | 4,33 | 6 | 18 |

Во ова истражување исто така се обрна внимание и на возрасната граница помеѓу детето со аутизам / неговиот соодветен пар од контролна група и нивните браќа и сестри кои беа испитаници. Притоа се забележа дека детето со аутизам / невро - типичното дете е постаро во 14, односно во 42,42% во случаите, додека

братот / сестрата биле постари во 20, односно 57,58% од случаите. Најголема разлика во години изнесува 9, а најмалата разлика во години изнесува 1 година. Просечната разлика во години помеѓу дете со аутизам / невро - типично дете и неговиот брат или сестра изнесува 3,91 години. Во табелата 4 е даден приказ на секој од паровите на испитаниците.

**Табела 4:** Возраст на секој од паровите испитаници

| Бр. | Дете со аутизам / Н - Т дете | Брат / сестра | Бр. | Дете со аутизам / Н - Т дете | Брат / сестра | Бр. | Дете со аутизам / Н - Т дете | Брат / сестра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **14** | **17** | **12.** | **14** | **9** | **23.** | **11** | **6** |
| **2.** | **10** | **8** | **13.** | **16** | **18** | **24.** | **10** | **9** |
| **3.** | **10** | **16** | **14.** | **6** | **15** | **25.** | **15** | **17** |
| **4.** | **8** | **6** | **15.** | **11** | **9** | **26.** | **11** | **18** |
| **5.** | **8** | **10** | **16.** | **11** | **14** | **27.** | **9** | **17** |
| **6.** | **10** | **8** | **17.** | **16** | **18** | **28** | **8** | **16** |
| **7.** | **13** | **15** | **18.** | **15** | **12** | **29.** | **11** | **18** |
| **8.** | **10** | **13** | **19.** | **12** | **18** | **30.** | **8** | **7** |
| **9.** | **11** | **9** | **20.** | **10** | **6** | **31.** | **9** | **13** |
| **10.** | **13** | **15** | **21.** | **5** | **14** | **32.** | **11** | **7** |
| **11.** | **11** | **16** | **22.** | **10** | **6** | **33** | **16** | **14** |

Во однос на резултатите на тестовите кои го проценуваат односот помеѓу браќата и сестрите, како и перципираниот и очекуваниот однос помеѓу истите од страна на родителите, беше направена анализа на аритметичките средини на секоја од димензиите кои се обработуваат како мерки на централната тенденција, како и опсегот на добиените резултати и стандардното отстапување како мерки на

варијабилноста. Исто така, беше направен приказ на теориската аритметичка средина и теорискиот опсег на резултатите, со цел на проценка и споредување на дисперзираноста на резултатите на различните димензии. Вредностите на сите аспекти од прашалниците за овие мерки се дадени во продолжение.

Варијаблата карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата со аутизам и во семејствата без дете со аутизам е прикажана и мерена преку категориите: емпатија, сличност во интересите, задржување на границите на приватноста, приврзаноста, принудата, непријателството и соперништвото.

Во однос на категоријата **емпатија** помеѓу браќата и сестрите се покажа дека во семејствата каде што има дете со аутизам таа била нешто пониска M = 51,18 и SD = 8,63 за разлика од контролната група, каде што изнесувала M =52,22 и SD =10,11. Карактеристиките на овие две дистрибуции се дадени во табелата 5, слика 2 и слика 3.

**Табела 5**: Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **емпатија**

| | Емпириска M | SD | Најнизок постигнат скор | Највисок постигнат скор | Најнизок можен скор | Највисок можен скор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 51,18 | 8,63 | 33 | 70 | 14 | 70 |
| **Контролна група** | 52,22 | 10,11 | 23 | 67 | 14 | 70 |




***Слика 2:*** *Емпатија меѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има дете со аутизам*




***Слика 3:*** *Емпатија меѓу испитаниците од контролната група.*

Б. Во однос на категоријата **сличност** на интересите помеѓу браќата и сестрите се покажа дека во семејствата каде што има дете со аутизам таа е значително пониска M= 19,15 и SD = 4,48, за разлика од контролната група, каде што изнесуваше M = 27,72 и SD = 7,68. Карактеристиките на овие две дистрибуции се дадени во табелата 6, слика 4 и слика 5.

**Табела 6**: Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **сличност на интереси**

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 19,15 | 4,48 | 10 | 27 | 9 | 45 |
| **Контролна група** | 27,72 | 7,68 | 12 | 39 | 9 | 45 |




***Слика 4:*** *Сличност меѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има дете со аутизам*




***Слика 5:** Сличност меѓу браќата и сестрите во семејствата во кои нема дете со аутизам*

Во однос на категоријата **одржување на границите на приватноста** помеѓу браќата и сестрите, се покажа дека во семејствата каде што има дете со аутизам, таа изнесуваше M = 17,87 и SD = 6,18, а во контролната група изнесуваше M = 17,97 и SD = 6, 13 (табела 7, слика 6 и слика 7).

**Табела 7:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **одржување на границите на приватноста**

| | Емпириска M | SD | Најнизок постигнат скор | Највисок постигнат скор | Најнизок можен скор | Највисок можен скор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 17,87 | 6,18 | 6 | 29 | 6 | 30 |
| **Контролна група** | 17,97 | 6,13 | 6 | 30 | 6 | 30 |




***Слика 6:*** *Задржување на границите на приватноста - испитувана група*




***Слика 7:*** *Задржување на границите на приватноста - контролна група.*

Во однос на категоријата **приврзаност** во односот помеѓу браќата и сестрите, кај испитуваната група се измери вредност М = 27,1, SD = 4,25, додека во контролната група нивото на присуство на ова варијабла изнесуваше М = 25,55, SD = 25,55 (табела 8, слика 8 и слика 9).

**Табела 8:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **приврзаност**

| | **Емпириска М** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 27,10 | 4,24 | 18 | 36 | 8 | 40 |
| **Контролна група** | 25,56 | 7,53 | 8 | 38 | 8 | 40 |




***Слика 8:** Приврзаност кај семејства во кои има дете со аутизам*




***Слика 9:*** *Приврзаност кај контролна група*

Во однос на категоријата **принуда** во односот меѓу браќата и сестрите се покажа дека во семејствата каде што има дете со аутизам таа изнесуваше M = 10,1 и SD = 1,58, а во контролната група изнесуваше M = 12,34 и SD = 2,28 (табела 9, слика 10 и слика 11).

**Табела 9**: Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **принуда**

| | Емпириска M | SD | Најнизок постигнат скор | Највисок постигнат скор | Најнизок можен скор | Највисок можен скор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 10,10 | 1,58 | 7 | 14 | 6 | 30 |
| **Контролна група** | 12,34 | 2,28 | 7 | 17 | 6 | 30 |




***Слика 10***: *Принуда во семејствата во кои има дете со аутизам*




***Слика11***: *Принуда во семејствата од контролна група*

Во однос на категоријата **непријателство** во односот помеѓу браќата и сестрите, кај испитуваната група се измери вредност M = 11,42, SD = 3,69, додека во контролната група нивото на присуство на ова варијабла изнесуваше M = 12,73, SD = 4,82 (табела 10, слика 12 и слика 13).

**Табела 10:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **непријателство**

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 11,42 | 3,69 | 6 | 19 | 5 | 25 |
| **Контролна група** | 12,73 | 4,82 | 5 | 22 | 5 | 25 |




***Слика** 12: Непријателство кај испитуваната група*




***Слика13****: Непријателство кај контролната група*

Во однос на категоријата **соперништво** во односот помеѓу браќата и сестрите, кај испитуваната група се измери вредност M = 9,0, SD = 4,47, додека во контролната група нивото на присуство на ова соперништво изнесуваше M = 7,85, SD = 4,10 (табела 11, слика 14 и слика 15).

**Табела 11:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **соперништво.**

| | Емпириска M | SD | Најнизок постигнат скор | Највисок постигнат скор | Најнизок можен скор | Највисок можен скор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Испитувана група** | 9,00 | 4,47 | 4 | 20 | 4 | 20 |
| **Контролна група** | 7,85 | 4,10 | 4 | 16 | 4 | 20 |




***Слика 14***: *Соперништво кај испитуваната група*




***Слика 15***: *Соперништво кај контролната група*

Заради комплетирање на сликата во врска со односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата на децата со аутизам и во семејствата на децата без аутизам беа земени предвид и перцепцијата и очекувањата од страна на родителите во врска со истиот. За таа цел беа обработени и категориите: очекуваната и перципираната блискост од страна на родителите (мајки) во односот помеѓу браќата и сестрите, очекуваната и перципираната нетрпеливост од страна на родителите (мајки) во односот помеѓу браќата и сестрите и очекуваното и перципираното соперништво од страна на родителите (мајки) во односот помеѓу браќата и сестрите.

Во однос на **блискоста,** испитуваната група на родители очекувале повисока блискост во односот помеѓу нивните деца M = 46,33, SD = 8,49, додека перципирале блискост со пониска вредност M = 42,56, SD = 7,89 (табела 12, слика 16 и слика 17).

**Табела 12:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата блискост - испитувана група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувана блискост** | 46,33 | 8,49 | 28 | 63 | 13 | 65 |
| **Перципирана блискост** | 42,56 | 7,89 | 28 | 60 | 13 | 65 |




***Слика 16**: Очекувана блискост од страна на родителите кај испитуваната група*




***Слика 17**: Перципирана блискост од страна на родителите кај испитуваната група*

Кај контролната група на родители, очекуваната блискост повторно била нешто повисока од перципираната, односно тие очекувале блискост со M = 51,70, SD = 5,50, а сметале дека таа била присутна во односот помеѓу нивните деца со вредност од M = 48,45, SD = 5,93. Сите карактеристики на дистрибуцијата на ова варијабла внатре секоја од групите, во двата контекста се дадени подолу во табелата 13, слика 18 и слика 19.

**Табела 13**: Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **блискост -** контролна група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувана блискост** | 51,70 | 5,50 | 37 | 60 | 13 | 65 |
| **Перципирана блискост** | 48,45 | 5,93 | 37 | 60 | 13 | 65 |




***Слика 18:*** *Очекувана блискост од страна на родителите кај контролната група*




***Слика 19:*** *Перципирана блискост од страна на родителите кај контролната група*

Во однос на **нетрпеливоста** кај испитуваната група на родители, очекуваната нетрпеливост во односот помеѓу нивните деца изнесуваше M = 19,29 SD = 6,86, додека перципираната нетрпеливост помеѓу нивните деца изнесуваше M = 18,18, SD = 4,56 (табела 14, слика 20 и слика 21).

**Табела 14**: Дистрибуција на резултатите по однос на варијаблата **нетрпеливост -** испитувана група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувана нетрпеливост** | 19,29 | 6,86 | 10 | 31 | 8 | 40 |
| **Перципирана нетрпеливост** | 18,18 | 4,56 | 9 | 30 | 8 | 40 |




***Слика 20**: Очекувана нетрпеливост во односот помеѓу децата од страна на родителите - испитувана група*




***Слика 21**: Перципирана нетрпеливост во односот помеѓу децата од страна на родителите - испитувана група*

Кај контролната група на родители, очекуваната нетрпеливост, повторно беше нешто повисока од перципираната, односно тие очекувале нетрпеливост со вредност на M = 20,10, SD = 6,42, а сметале дека таа била присутна во односот помеѓу нивните деца со вредност од M = 19,9, SD = 5,22 (табела 15, слика 22 и слика 23).

**Табела 15:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **нетрпеливост -** контролна група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувана нетрпеливост** | 20,10 | 6,42 | 9 | 34 | 8 | 40 |
| **Перципирана нетрпеливост** | 19,91 | 5,22 | 9 | 32 | 8 | 40 |




***Слика 22:** Очекувана нетрпеливост од страна на родителите од контролната група*




***Слика 23:*** *Перцийирана нешрйеливосш кај родишелише од коншролнаша ґруйа*

Во однос на категоријата **соперништво**, испитуваната група на родители очекувале соперништво во односот помеѓу нивните деца M = 8,30, SD = 3,09, додека перципирале соперништво со пониска вредност M = 5,55, SD = 2,45. (табела 16, слика 24 и слика 25).

**Табела 16:** Дистрибуција на резултатите по однос на категоријата **соперништво -** испитувана група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувано соперништво** | 8,30 | 3,09 | 3 | 15 | 3 | 15 |
| **Перципирана соперништво** | 5,55 | 2,45 | 3 | 13 | 3 | 15 |




***Слика 24:** Очекувано соперништво од страна на родителите кај испитуваната група.*




***Слика 25:** Перципирано соперништво од страна на родителите кај испитуваната група*

Кај контролната група на родители, очекуваното соперништво било со вредност M = 8,12, SD = 2,85, а сметале дека таа била присутна во односот помеѓу нивните деца со вредност од M =7,15, SD = 2,12 (табела 17, слика 26 и слика 27).

**Табела 17**: Дистрибуција на резултатите по однос на варијаблата **соперништво-** контролна група

| | **Емпириска M** | **SD** | **Најнизок постигнат скор** | **Највисок постигнат скор** | **Најнизок можен скор** | **Највисок можен скор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувана соперништво** | 8,12 | 2,85 | 4 | 14 | 3 | 15 |
| **Перципирана соперништво** | 7,15 | 2,12 | 3 | 11 | 3 | 15 |




***Слика 26:*** *Очекувано соперништво од страна на родителите кај контролната група*




***Слика 27:** Перципирано соперништво од страна на родителите кај контролната група*

**2. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на присуството на позитивните карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите**

За споредба на нивото **на емпатија** во односот помеѓу браќата и сестрите се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што се доби вредноста на Mann - Whitney U= 395,00, Z= 0,56 p= 0,57, односно p > 0.05, (табела 18).

**Табела 18:** Разлики помеѓу групите во однос на категоријата емпатија

| | **Емпатија** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 395,00 |
| **Wilcoxon W** | 773,00 |
| **Z** | (0,56) |
| **p** | 0,57 |

* p <0,05; ** p <0,01

Во однос на категоријата **сличност во интереси** која постои помеѓу браќата и сестрите, се добија следниве вредности: Whitney U= 162,50, Z= -4,11 p= 0,001, (табела 19)

**Табела 19**: Разлики помеѓу групите во однос на категоријата сличност на интереси

| | **Сличност** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 162,50 |
| **Wilcoxon W** | 540,50 |
| **Z** | (4,10) |
| **p** | 0,001 |

* p <0,05; ** p <0,01

Во однос на категоријата **одржувањето на границите на приватноста** во односот помеѓу браќата и сестрите се добија следниве вредности: Whitney U= 479,50, Z=- 007 p= 0,99 (табела 20).

**Табела 20:** Разлики помеѓу групите во однос на категорија одржувањето на границите на приватноста

| | **Приватност** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 479,50 |
| **Wilcoxon W** | 1007,50 |
| **Z** | (0,007) |
| **p** | 0,99 |

* p <0,05; ** p <0,01

Во однос на **приврзаноста** која постои помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што се добија следниве вредности: Whitney U=377,00, Z=-0 ,45, p= 0,65, (табела 21).

**Табела 21**: Разлики помеѓу групите во однос на приврзаност.

| | **Приврзаност** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 377,00 |
| **Wilcoxon W** | 755,00 |
| **Z** | (0,45) |
| **p** | 0,65 |

* p <0,05 ; ** p <0,01

**3. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на присуството на негативните карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите**

Во однос на категоријата **принуда во односот помеѓу браќата и сестрите,** се добија вредностите: Whitney U= 201,00 Z= 3,97 p= 0,001 (табела 22).

**Табела 22**: Разлики помеѓу групите во однос на принудата во односот помеѓу браќата и сестрите

| | **Принуда** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 201,00 |
| **Wilcoxon W** | 666,00 |
| **Z** | (3,97) |
| **p** | 0,001** |

* p <0,05 ; ** p <0,01

Во однос на категоријата **непријателство** во односот помеѓу браќата и сестрите се добија следниве вредности: Whitney U=374,50, Z=-1,12, p= 0,26, (табела 23).

**Табела 23**: Разлики помеѓу групите во однос на прашалникот за односот помеѓу браќата и сестрите

| | **Непријателство** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 374,50 |
| **Wilcoxon W** | 870,50 |
| **Z** | (1,12) |
| **p** | 0,26 |

* p <0,05 ; ** p <0,01

Во однос на категоријата **соперништво** се добија следниве вредности: Whitney U=431,50, Z=-1,09 p= 0,27, (табела 24).

**Табела 24:** Разлики помеѓу групите во однос на прашалникот за односот помеѓу браќата и сестрите

| | **Соперништво** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 431,50 |
| **Wilcoxon W** | 992,50 |
| **Z** | (1,09) |
| **p** | 0,27 |

* p <0,05 ; ** p <0,01

## 4. Резултати од анализата на разликите помеѓу групите во однос на очекуваните и перципираните карактеристики од страна на родителите во односот помеѓу браќата и сестрите

**Во однос на испитувањата на родителите** на децата со аутизам (во наш случај тоа беа мајките) и родителите од контролната група се испитуваа три категории: нетрпеливост, блискост и соперништво помеѓу нивните деца. Истите беа испитувани во два контекста во однос на категориите, колку очекуваат и сметаат дека треба истите да бидат присутни во еден однос помеѓу браќата и сестрите и колку тие перципираат дека истите карактеристики се присутни во односот помеѓу нивните деца.

За споредба на нивото на **очекуваната блискост** во односот помеѓу браќата и сестрите очекувана од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што се доби вредноста на Whitney U= 298,00, Z=- 2,72 и p= 0,007, (табела 25).

**Табела 25:** Разлики помеѓу групите во однос на очекуваните карактеристики на односот

| | **Блискост** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 298,00 |
| **Wilcoxon W** | 763,00 |
| **Z** | (2,72) |
| **p** | **0,007**** |

* p <0,05 ; ** p <0,01

За споредба на нивото на **перципираната блискост** во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што се доби вредноста на Whitney U=284,50, Z=-3,200 и p= 0,001, (табела 26).

**Табела 26**: Разлики помеѓу групите во однос на перципираната блискост од страна на родителите

| | **Блискост** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 284,50 |
| **Wilcoxon W** | 812,50 |
| **Z** | (3,200) |
| **p** | **0,001**** |

* p <0,05 ; ** p <0,01

За споредба на нивото на **очекуваната нетрпеливост во односот** помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите се доби вредноста на Whitney U= 428,50, Z=- -0,53 и p= 0,60 (табела 27).

**Табела 27:** Разлики помеѓу групите во однос на очекуваните карактеристики на односот

| | **Нетрпеливост** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 428,50 |
| **Wilcoxon W** | 924,50 |
| **Z** | (0,53) |
| **p** | 0,60 |

* p <0,05 ; ** p <0,01

Кај категоријата **очекувано соперништво** од страна на родителите се доби вредноста на Whitney U= 478,50, Z=- -0.23 p= 0,82, (табела 28).

**Табела 28**: Разлики помеѓу групите во однос на очекуваните карактеристики на односот

| | **Соперништво** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 478,50 |
| **Wilcoxon W** | 1039,50 |
| **Z** | (0,23) |
| **p** | 0,82 |

* p <0,05 ; ** p <0,01

Кај споредба на нивото на категоријата **перципирана нетрпеливост** од страна на родителите во односот помеѓу браќата и сестрите кое е очекувано од страна на родителите, се доби вредноста на Whitney U= 427,00, Z= -1,51 и p= 0,13, (табела 29).

**Табела 29:** Разлики помеѓу групите во однос на перципираните карактеристики на односот од страна на родителите

| | **Нетрпеливост** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 427,00 |
| **Wilcoxon W** | 988,00 |
| **Z** | (1,51) |
| **p** | 0,13 |

* p <0,05 ; **p <0,01

За споредба на нивото на **перципираното соперништво** од страна на родителите во односот помеѓу децата, се доби вредноста на Whitney U=302,00, Z=-3,14 и p= 0,002 (табела 30).

**Табела 30:** Разлики помеѓу групите во однос нивото на перципираното соперништво од страна на родителите

| | **Соперништво** |
|---|---|
| **Mann-Whitney U** | 302,00 |
| **Wilcoxon W** | 863,00 |
| **Z** | (3,14) |
| **p** | **0,002**** |

* p <0,05 ; **p <0,01

# IV. ДИСКУСИЈА

*По дескриптивната анализа на податоците, се тестираа истражувачките хипотези. Истите се тестираа со тоа што се тестираа разликите помеѓу аритметичките средини на индивидуалните резултати за секоја од варијаблите, при што, заради карактеристиките на примерокот, како и заради карактеристиките на дистрибуциите на резултатите (дистрибуциите не се нормално дистрибуирани), наместо стандардната постапка на t – тестот, се искористи неговата најпогодна непараметриска алтернатива* ***Mann-Whitney*** *тестот. Резултатите од ова анализа се дадени во продолжение.*

## 1. Карактеристики на односот меѓу браќата и сестрите

### 1.1. Позитивни карактеристики на односот меѓу браќата и сестрите

**При тестирањето на хипотезите од групата А,** во однос на позитивните карактеристики, се испитуваше дали постои разлика помеѓу групите во однос на емпатијата, сличноста во интересите, одржувањето на границите на приватноста и приврзаноста.

А. За споредба на нивото на емпатијата се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p > 0.05$, (табела 18). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на варијаблата емпатија.

Притоа хипотезата со која претпоставуваме дека нивото на *емпатија* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејства во кои има дете со аутизам, за разлика од нивото на емпатија во односот помеѓу браќата и сестрите во семејства каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Истражувајќи го односот помеѓу браќата и сестрите во семејството каде што има дете со аутизам, при што во фокусот била ставена перцепцијата на децата за

односот помеѓу нив самите, Стокер и Конорс (Stalker и Connors) потврдуваат дека кај браќата и сестрите во овие семејства се среќава високо ниво на емпатија и трпение во меѓусебниот однос (113).

**Б.** Во однос на категоријата **сличност во интересите** која постои помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p < 0,01$, (табела 19). Во овој случај се покажа дека во контролната група постои поголема сличност помеѓу браќата и сестрите, која е статистички значајна при $p < 0,01$.

При таквите добиени резултати, хипотезата дека нивото на *сличност* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *сличност* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам не се потврдува.

Заедничките интереси се тесно поврзани со времето поминато заедно. Имањето брат или сестра со аутизам јавува одредени импликации кај поголем број деца, првенствено заради карактеристиките на лицата со аутизам и нивното неприлагодливо однесување и неможноста да се фокусираат на некои заеднички активности во целост. Манифестирајќи агресивно однесување, тие предизвикуваат срам и непријатност кај браќата и сестрите. Таквата состојба води кон постепено дистанцирање и немање желба за заеднички активности што се потврдува и во истражувањето на Орсмонд и Селцер (Orsmond и Seltzer). Компарирајќи го влијанието од имање брат или сестра помеѓу две различни групи од кои едната е група на браќа и сестри на лица со аутизам, додека втората група е составена од браќа и сестри на лица со Даунов синдром (Down syndrome), пронаоѓаат дека кај првата група се јавува пониско ниво на блискост кое резултира со намалено ниво на меѓусебен контакт (114).

Истражувајќи ја причината зошто во едно семејство браќата и сестрите можат да имаат големи разлики во карактерот, психопатологијата и когнитивните способности, Пломин и Даниелс (Plomin и Daniels) доаѓаат до интересни податоци.

Опкружувањето и околностите во кои се наоѓаат во поголема мера, за разлика од наследноста може да биде причина за нивната различност. Влијанието на опкружувањето може да ги направи децата од едно исто семејство толку различни како што се разликуваат кои било две деца од две сосема различни семејства.

За значајни влијанија од околината кои можат да направат такво влијание на прво место се става редот на раѓањето, но исто така не се за занемарување и влијанието кое го имаат различниот третман од страна на родителите, различните интеракции на братот и сестрата и различните искуства кои ги имаат надвор од семејството.

Со една реченица, опкружувањето кое не е заедничко ги прави децата различни (115).

Во однос **на одржувањето на границите на приватноста** која постои во односот помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p > 0,05$, (табела 20). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на оваа категорија.

Хипотезата дека нивото на *приватноста* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам за разлика од нивото на *приватноста* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Минухин (Minuchin, според Graham – Bermann и Cutler, 1994) смета дека неопходен елемент за развојот на добрите односи во семејството е да постојат добри **одржливи граници на приватноста.** Таквите граници постојат меѓу членовите во семејството, но исто така и меѓу семејството и надворешниот свет. Минухин смета дека дисфункционалноста се појавува кога таквите граници на приватноста се или премногу крути и на тој начин непробојни, или премногу отворени што доведува до симбиоза, губење на идентитетот и контролата. Идеално, границите на приватноста меѓу членовите од семејството се флексибилни и адаптибилни. Во рамките на братско - сестринскиот однос, учењето да се почитуваат заедничките граници на

приватноста меѓу себе самиот, братот или сестрата се смета за задача на братско - сестринскиот развој (69).

Во однос на **приврзаноста** која постои помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p > 0,05$. (табела 21). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на оваа категорија.

Хипотезата дека нивото на *приврзаноста* во односот помеѓу браќата и сестрите е повисоко во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *приврзаноста* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Кај ова категорија, како дел од варијаблата квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите на децата со аутизам и на децата без аутизам, при анализа на резултатите во нашиот примерок може да заклучиме дека имаме еден стабилен однос приврзаност на задоволително ниво. Односот помеѓу братот и сестрата е под влијание на надворешни околности и може да се менува, но чувството на меѓусебна наклонетост останува со текот на годините.

Во своето истражување Луси Ејми Елизабет Џилат (Lucy Aimee Elizabeth Gillatt) под име: „Имање брат или сестра со аутизам - детско искуство за односот помеѓу братот или сестрата“, потврдува дека имањето брат или сестра со аутизам не мора нужно негативно да се одрази на братско / сестринскиот однос. Таа објаснува дека психолошкото функционирање на детето кое не е афектирано со аутизам и неговиот однос со братот или сестрата е условен од голем број фактори, како од семејството, така и од пошироката социјална средина, но сепак, желбата за поквалитетен однос со својот брат или сестра со дијагностициран аутизам е присутен кај децата неафектирани со аутизам, без разлика на тешкотиите кои произлегуваат на тој пат (116).

Квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите кога едниот од нив има дијагностициран аутизам е променив со текот на годините и зависен е од многу фактори како полот, разликата во годините и сл. Таквиот однос го истражуваат и Орсмонд, Кјуо и Селцер (Orsmond, Kuo и Seltzer), фокусирајќи се на односот меѓу

браќата и сестрите во семејствата во кои еден од браќата или сестрите има аутизам, при што самите се наоѓаат во адолесцентниот или возрасниот период од животот. Тие пронаоѓаат дека адолесцентите се инволвирани во поголем број заеднички активности за разлика од возрасните. Адолесцентите (браќата и сестрите на личностите со аутизам) сведочат за поголемо количество социјална поддршка од околината, подобар капацитет за справување со емоциите и помала зачестеност на проблемските ситуации. Испитаниците од возрасната група, пак, сведочат дека оние кои се од женски род и имаат сестра со аутизам пријавуваат попозитивен однос со сестрата за разлика од машките индивидуи кои имаат сестра со аутизам. Испитаниците од возрасната група истакнуваат дека многу попозитивни релации постојат кога личноста која има аутизам е помлада од нив самите и покажува помали тешкотии во однесувањето. Но, и во двете групи се истакнува дека квалитетот на односот со нивните браќа и сестри во голем дел зависи од количеството на примена поддршка од страна на родителите во раните детски години (8).

### 1.2. *Негативни карактеристики на односот*

Во однос на **негативните карактеристики** на односот помеѓу браќата сестрите се испитуваше дали постои разлика помеѓу групите во однос на категориите: принуда, непријателство и соперништво.

А. Во однос на **принуда во односот помеѓу браќата и сестрите,** се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p < 0,01$, (табела 22). Во овој случај се покажа дека во контролната група постои поголема принуда во односот помеѓу браќата и сестрите, која е статистички значајна при $p < 0,01$.

Согледувајќи ги добиените резултати, хипотезата дека нивото на *принуда* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со

аутизам, за разлика од нивото на *принуда* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, се потврдува.

**Б.** Во однос на **непријателството** кое постои во односот помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што p > 0,05, (табела 23). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на ова категорија.

Во нашиот случај, хипотезата дека нивото на *непријателство* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *непријателство* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Во своето истражување за односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има дете со аутизам, Камински и Доуви (Kaminsky и Dowey) потврдуваат дека кога во едно семејство се наоѓа дете кое има пречки во развојот, останатите деца кои се без пречки често се наоѓаат во ситуација да помагаат на нивниот брат или сестра, со цел истите да ги совладаат секојдневните пречки, поттикнувајќи ги на истражување и запознавање на светот околу нив. Во ваквите семејства е зголемена кохезијата и намалено е нивото на соперништво помеѓу децата (117).

Во однос на **соперништвото** кое постои помеѓу браќата и сестрите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што p > 0,05, (табела 24). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на оваа варијабла.

Хипотезата дека нивото на *соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Во литературата можат да се сретнат голем број истражувања кои во својот фокус го земаат односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има дете со аутизам. Резултатите кои се добиваат се подложни на влијание на голем број

фактори така што среќаваме спротивставени пронаоѓања за квалитетот на односот помеѓу децата во семејството.

Во своето истражување, Моча и Бучер (Moscha и Boucher), при што ги истражуваат чувствата на браќата и сестрите на деца со аутизам, спроведено со пилот студија во која со полу - структурирано интервју децата биле во можност лично да се искажат и објаснат како се чувствуваат, е дојдено до следниов заклучок:

- имањето брат или сестра со аутизам има позитивни ефекти врз поголем дел од нив, но не кај сите нив;
- негативните ефекти биле најзабележливи и се поврзани со агресивното и неконтролирано однесување, како и срамот и непријатноста кои ги предизвикува таквото однесување гледано од перспектива на невро - типичното дете (118).

Во своето истражување Багенхолм и Гилберг (Bagenholm и Gillberg), компарирајќи ги чувствата на браќата и сестрите од три групи испитаници, и тоа браќата и сестрите на децата со аутизам, браќата и сестрите на децата со ментална ретардација и браќата и сестрите на невро - типичните деца, пронаоѓаат дека браќата и сестрите на децата со аутизам се загрижени за иднината, чувствуваат осаменост, го чувствуваат братот / сестрата со аутизам како товар и не им е јасно зошто истиот се разликува од останатите деца (119).

**Во однос на хипотезите од групата А,** односно при испитувањето на позитивните карактеристики, се покажа не постои разлика помеѓу нивото на емпатијата, приватноста и приврзаноста во односот помеѓу браќата и сестрите и кај двете групи. Само во однос на нивото сличност во интересите постои разлика, но во насока спротивна од претпоставеното. Имено, нивото на сличноста во интересите помеѓу браќата и сестрите е повисок кај контролната група.

Сублимирајќи ги добиените резултати, хипотезата која претпоставува дека нивото на позитивните карактеристики на односот меѓу браќата и сестрите е повисоко кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од семејства каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Во литературата можат да се сретнат спротивни тврдења на фактот дали браќата и сестрите генерално имаат позитивно или негативно искуство од имањето брат или сестра со аутизам. По тоа прашање, потпирајќи се на своите долгогодишни истражувања, Беер (Bayer), сугерира дека таквите спротивни резултати се должат од една страна на примената на различни методи од страна на истражувачите, како и на разликата во останатите фактори како што се семејното опкружување и тежината на аутизмот кај детето (120).

Тоа го потврдува и Кели О´ Лафлин (Kelly C.O'Laughlin, 2009), во својот труд: „Квалитет на односот меѓу браќата и сестрите кај децата со дијагностициран аутизам“.

Како партиципиенти во оваа студија се вклучени 34 семејства на деца со дијагностициран аутизам. Прашалниците биле поделени на браќата и сестрите неафектирани со аутизам, како и на нивните родители. Родителите имале за задача да пополнат прашалници во кои се детерминира тежината на аутистичното нарушување, додека пак првите пополниле прашалници со кои се мери нивната перцепција за квалитетот на односот помеѓу нив и нивниот брат или сестра и перцепцијата на нивото на социјалната и семејната поддршка која ја добиваат.

Пронајдено е дека тежината на аутистичното нарушување во одредена мера има влијание на перцепцијата на квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите кај децата со дијагностициран аутизам (121).

**Во однос на хипотезите од групата Б,** односно при испитувањето на негативните карактеристики, се покажа дека постои разлика помеѓу групите само во однос на една карактеристика, т.е. по однос на принудата помеѓу браќата и сестрите, додека кај соперништвото и непријателството не постои разлика. Имено, се покажа дека принудата во односот помеѓу браќата и сестрите во семејството е поголема кај семејствата каде што нема дете со аутизам. Во однос на другите карактеристики не постои статистички значајна разлика.

Со тоа, хипотезата која претпоставува дека нивото на негативните карактеристики во односот меѓу браќата и сестрите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на негативните карактеристики во

односот меѓу браќата и сестрите во семејствата каде што нема дете со аутизам, делумно се потврдува заради тоа што принудата во односот помеѓу браќата и сестрите е пониска во семејствата во кои има дете со аутизам.

Појавата на принуда во меѓусебниот однос не е нешто невообичаено во односот помеѓу братот и сестрата, но сепак, значајно е дека во нашиот примерок принудата и покрај тоа што е повисока кај контролната група, сепак е на релативно ниско ниво.

Фурман и Бухрместер во својот труд со наслов Детска перцепција на квалитетот на односот помеѓу браќата и сестрите вклучиле 198 испитаници на возраст од петто и шесто одделение. Со помош на прашалник децата се изјаснувале по однос на повеќе варијабли кои го карактеризираат братско сестринскиот однос. Во прашање се деца од невро - типична популација. По однос на варијаблата **блискост** Фурман и Бурместер (Furman и Buhrmester) пронаоѓаат дека поголема блискост се забележува кај децата кои се од ист пол, за разлика од децата кои се од различен пол. Варијаблата **релативен статус / моќ** е строго поврзана со возраста на децата. Постарите браќа или сестри кои се од ист пол се пријавени дека се подоминантни, за разлика од браќата и сестрите кои се постари од испитуваните деца и се од спротивен пол. Што се однесува до варијаблата **соперништво,** карактеристично е што децата пријавуваат дека таа се јавува во помала возраст и ја чувствуваат од страна на помладиот од себе. За појавата на меѓусебен **конфликт** пресудна е разликата во годините. Имено, таму каде што постои помала разлика во годините помеѓу браќата и сестрите се пријавува и поголема зачестеност на конфликт во меѓусебниот однос (10).

Кол и Кернс (Cole и Kerns) пак од своја страна во своето истражување го прикажуваат братско / сестринскиот однос од една друга перспектива, односно го проучуваат и објаснуваат низ призмата на согледувањата на испитаниците од различна возраст во раната адолесценција. Во нивното истражување зеле учество 170 испитаника од четврто, шесто и осмо одделение. Притоа се најдени следните

разлики во перцепцијата на позитивните карактеристики на еден братско / сестрински однос и конфликтот кој се јавува во истиот:

- просоцијалниот квалитет на односот бил понизок во шесто, а повисок во осмо одделение, што значи дека е директно поврзан со возраста;
- постојат разлики во перцепцијата на меѓусебниот однос во однос на полот на испитаниците, при што брат - брат паровите пријавиле пониско ниво на позитивни релации, вклучувајќи грижа, интимност и решавање на конфликти, за разлика од брат - сестра и сестра - сестра паровите;
- интимноста е на повисоко ниво кај постарите деца, но кај нив е пониско нивото на меѓусебен конфликт;
- ниту постарите деца не покажуваат поголема способност за разрешување на конфликтот, што е спротивно од очекуваното (68).

## *2. Очекувани и перципирани карактеристики на односот од страна на родителите*

**При тестирање на хипотезите од групата Б, Г, Д и Ѓ,** односно на прашањето дали постои разлика во очекуваните и перципираните позитивни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од семејствата во кои нема дете со аутизам и дали постои разлика во очекуваните и перципираните негативни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата во кои има дете со аутизам, споредбено со семејствата од контролната група, се добија следниве резултати:

## 2.1. Очекувани позитивни карактеристики од страна на родителите

**Во однос на очекуваните позитивни карактеристики во односот помеѓу браќата и сестрите**, се тестираа разликите во аритметичките средини на резултатите постигнати на тестот за секоја категорија посебно.

**А**. За споредба на нивото на **очекуваната блискост** во односот помеѓу браќата и сестрите која е очекувана од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p < 0,01$, (табела 25). Нивото на очекувана блискост е повисоко кај семејствата кои немаат дете со аутизам.

Притоа, хипотезата која претпоставува дека нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

## 2.2. Очекувани негативни карактеристики од страна на родителите

**Во однос на очекуваните негативни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите** од страна на родителите се тестираа разликите на аритметичките средини на резултатите постигнати на тестот од страна на двете групи.

А. За споредба на нивото на **очекуваната нетрпеливост во односот** помеѓу браќата и сестрите кое е очекувано од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p > 0,05$, (табела 27). Во овој случај се покажа дека групите меѓу себе не се разликуваат по однос на ова варијабла.

Во прилог на ваквите резултати, нашата хипотеза дека нивото на очекуваната *нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониска во семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото на очекуваната *нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата кои немаат дете со аутизам, не се потврдува.

Б. За споредба на нивото на **очекуваното соперништво** во односот помеѓу браќата и сестрите кое е очекувано од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што вредноста $p > 0,05$. (табела 28). Во овој случај се покажа дека групите не се разликуваат по однос на ова варијабла.

Во прилог на ваквите резултати, хипотезата дека нивото на *очекуваното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониска во семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејства кои немаат дете со аутизам, не се потврдува.

### 2.3. Перципирани позитивни карактеристики

**Во однос на перципираните позитивни карактеристики на односот помеѓу браќата и сестрите,** се тестираат разликите во аритметичките средини на резултатите постигнати на тестот за секоја категорија поединечно.

**А**. За споредба на нивото на **перципираната блискост** во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што $p < 0,01$ (табела 26). Во овој случај се покажа дека во контролната група постои поголема блискост во односот помеѓу децата која е статистички значајна.

Со тоа, хипотезата дека нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

Квалитетот и количеството на блискост кое го чувствуваат еден спрема друг, децата во семејствата во овој случај можеби се должи на карактеристиките на аутизмот, при што интеракцијата и комуникацијата е сведена на минимум. Но, тоа не би можело да се генерализира на сите позитивни карактеристики кои ги има во еден таков однос. Тоа го потврдуваат и Барки и Монтгомери (Burke и Montgomery) кои ги истражуваат позитивните карактеристики во односот помеѓу децата во семејството во кои има дете со аутизам, при што родителите генерално позитивно го оценуваат тој однос и пријавуваат дека:

- браќата и сестрите на децата со попречености се многу позрели од своите врсници;
- свесноста за попреченоста им е на високо ниво и спремни се секогаш да пружат помош, доколку е потребно (70).

### 2.4. Перципирани негативни карактеристики

**Во однос на перципираните негативни карактеристики во односот помеѓу браќата и сестрите**, се тестираа разликите во аритметичките средини на резултатите постигнати на тестот од страна на двете групи.

А. За споредба на нивото на **перципираната нетрпеливост во односот** помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при што вредноста на $p > 0,05$, (табела 29). Во овој случај се покажа дека групите помеѓу себе не се разликуваат по однос на ова варијабла.

При обработката на овие резултати, можеме да кажеме дека хипотезата која претпоставува дека нивото *на перципираната нетрпеливост* во односот помеѓу

браќата и сестрите од страна на родителите е пониско кај семејства кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото *на перципираната нетрпеливост* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои немаат дете со аутизам, не се потврдува.

Б. За споредба на нивото на **перципираното соперништво во** односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите се споредуваа разликите помеѓу аритметичките средини на испитуваната и контролната група, при вредноста на $p < 0,01$. (табела 30). Во овој случај се покажа дека во контролната група постои поголемо соперништво во односот помеѓу браќата и сестрите кое е статистички значајно при $p < 0,01$.

Хипотезата дека нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои немаат дете со аутизам, се потврдува.

Во семејствата во кои има дете со попреченост, родителите го оценуваат односот помеѓу своите деца генерално како позитивен. Но сепак, тоа зависи и од видот на попреченоста и од спецификите кои таа ги носи, а кои во голема мера имаат влијание на односот помеѓу децата во семејството.

Бурк и Монтгомери (Burke и Montgomery), истражувајќи го односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата во кои има дете со попреченост перципирано од страна на родителите, пронаоѓаат:

- браќата и сестрите на децата со попреченост често отсуствуваат од семејните патувања, не сакајќи да се дружат со братот или сестрата;
- понекогаш браќата и сестрите се однесуваат незаинтересирано и одбиваат контакт со своите браќа и сестри со попреченост;
- родителите сметаат дека во односот помеѓу нивните деца голема улога зема недостатокот од спонтаност во организирањето на семејните активности (на

пример, заедничка посета на базен), туку сѐ треба да биде однапред испланирано, што е последица од карактеристиките на попреченоста и потребите на детето со попреченост. Родителите сметаат дека таквата состојба ги прави браќата и сестрите фрустрирани и во голема мера нетолерантни (70).

**Во однос на хипотезата од групата В,** односно при испитувањето на разликите во очекуваните позитивни карактеристики во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се покажа дека постои статистичка значајна разлика помеѓу групите во однос на очекуваната блискост помеѓу браќата и сестрите, но во спротивен правец од очекуваното, односно родителите во семејствата во кои нема деца со аутизам, очекуваат поголема блискост помеѓу браќата и сестрите.

Притоа, хипотезата дека нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

**Во однос на хипотезата од групата Г**, односно при испитувањето на разликите во перципираната блискост во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, во овој случај се покажа дека во контролната група постои поголема блискост во односот помеѓу децата која е статистички значајна.

Притоа нашата хипотеза дека нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е повисока во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *перципираната блискост* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

**Во однос на хипотезите од групата Д,** односно при испитувањето на разликите во очекуваните негативни карактеристики во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се покажа дека не постои разлика помеѓу нивото на очекуваното соперништво и очекуваното непријателство помеѓу двете групи.

Со тоа, хипотезата која претпоставува дека нивото на *очекуваните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *очекуваните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е во семејствата каде што нема дете со аутизам, не се потврдува.

**Во однос на хипотезите од групата Ѓ,** односно при испитувањето на разликите во перципираните негативни карактеристики во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите, се покажа дека постои статистички значајна разлика помеѓу групите само во однос на една карактеристика, т.е. по однос на перципираното соперништво помеѓу браќата и сестрите, односно дека родителите во семејствата во кои нема деца со аутизам перципираат поголемо соперништво помеѓу браќата и сестрите. Во однос на перципираната нетрпеливост, не постои статистичка значајна разлика помеѓу групите.

При таквите резултати, хипотезата која претпоставува дека нивото на *перципираните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско во семејствата каде што има дете со аутизам, за разлика од нивото на *перципираните негативни карактеристики* во односот меѓу браќата и сестрите од страна на родителите во семејствата каде што нема дете со аутизам, делумно се потврдува, и тоа во делот каде што се покажа дека нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите е пониско кај семејствата кои имаат дете со аутизам, за разлика од нивото *на перципираното соперништво* во односот помеѓу браќата и сестрите од страна на родителите кај семејствата кои немаат дете со аутизам.

Кога ги анализираме резултатите на перцепцијата на самите деца во однос на релацијата со братот и сестрата во едно семејство и перцепцијата за истата релација согледано од страна на еден од родителите, не ретко можеме да наидеме на ситуација на несовпаѓање на резултатите.

Исто така, и во студијата спроведена од страна на Сенер и Фиш (Senner и Fish, 2012) во која се вршела компарација помеѓу изјаснувањето на браќата и сестрите на деца со попречености и перцепцијата на родителите во однос на потребите на браќата и сестрите и нивната вклученост во семејните обврски, се потврдува дека родителската перцепција често се разликува од перцепцијата на децата (103).

Во својата студија, Мек Хејл (Mc Hale) и соработниците, проучувајќи го односот помеѓу браќата и сестрите, врши компарација помеѓу три различни групи испитаници, составена од самите браќа и сестри и нивните мајки, при што едната група е од семејства во кои има дете со аутизам, втората група е од семејства во кои има дете со ментална ретардација, а третата група е од семејства во кои има невро - типични деца. Анализата покажала дека и мајките и децата генерално позитивно го оцениле односот помеѓу браќата и сестрите, но карактеристично е тоа што мајките на невро - типичната популација го оцениле најнегативно односот помеѓу децата за разлика од мајките од другите две групи (122).

Слична состојба во рангирањето на односот помеѓу децата пријавуваат и Мек Хејл и Гембл (Mc Hale и Gamble), во својата студија во која го истражуваат односот помеѓу браќата и сестрите на децата со попреченост и браќата и сестрите на децата од, условно кажано, редовната популација. При спроведеното интервју помеѓу браќата и сестрите од двете групи, како и нивните мајки, и со анализа на добиените резултати, се заклучило дека: и мајките на децата од двете групи позитивно го оценуваат односот помеѓу браќата и сестрите, а мајките на децата со попречености попозитивно ја оценуваат блискоста помеѓу своите деца, за разлика од мајките на децата без попречености (123).

Односот помеѓу браќата и сестрите во семејствата каде што има дете со попреченост е многу комплексен. Во истражувањето спроведено од страна на Бурк и Монтгомери, зеле учество браќа и сестри на деца со аутизам, Даунов синдром, церебрална парализа, микроцефалија и деца со тешкотии во учењето. Генерално е дојдено до заклучок дека браќата и сестрите на овие деца се чувствуваат изолирано, изоставени и различни во споредба со браќата и сестрите на деца од невро -

типичната популација. Понекогаш покажуваат изненадувачки ограничено познавање за видот на попреченоста на братот или сестрата што директно се одразува на квалитетот на меѓусебниот однос.

Во истражувањето е направена компарација помеѓу состојбата и квалитетот на односот помеѓу децата во семејствата искажана од нив самите, но и од страна на нивните родители, при што е заклучено дека постои разлика помеѓу тоа дали браќата и сестрите на децата со попречености посетуваат групи за поддршка на ова популација. Групите за поддршка, искажано од страна на родителите, им овозможуваат на браќата и сестрите на децата со попречености да ги искажат своите фрустрации, да бараат заедничко решение, да се запознаат подетално со видот и степенот на попреченоста на братот или сестрата, како и да стекнат нови искуства дружејќи се со други браќа и сестри на деца со попреченост. Доколку постојат такви групи за поддршка, и по извесен период на нивна посета, во повеќе аспекти се подобрува односот помеѓу нивните деца, пријавуваат родителите (72).

Со цел да ги објасниме и прикажеме во вистинско светло причините за поинаквиот однос од страна на браќата и сестрите кон својот брат или сестра со попреченост во едно семејство, како и поинаквите согледувања од страна на родителите во врска со таквиот однос, треба да се осврнеме на истражувањето спроведено од страна на Сејџ и Јагатисан (Sage и Jegatheesan). Во ова студија е вршена компарација на односот помеѓу браќата и сестрите во едно семејство во кое има дете со аутизам, а воедно се барани причините за токму таквиот однос помеѓу децата каде што е заклучено дека голема улога имаат родителите со нивните ставови кон причините за попреченоста. Во истражувањето зеле учество две американски семејства, но едното од нив е со европско потекло, додека другото е со азиско потекло. Токму верските и културолошките разлики на овие семејства придонесуваат за различен однос помеѓу децата. Семејството со европско потекло верува дека етиологијата на аутизмот е во голема мера поврзана со влијанието на генетиката, додека семејството со азиско потекло верува дека за тоа е „виновна“ кармата и казната за лошите дела кои сме ги сториле во претходниот живот. Токму таквите различни согледувања во однос на етиологијата на аутизмот кај едно

семејство претставуваат суштинска и главна причина во кој правец ќе се одвива односот помеѓу децата во едно семејство. Додека во семејството со европско потекло се вложуваат големи напори од страна на родителите братот или сестрата во целост да се запознае со причините за појавување на аутизмот, карактеристиките и начинот на кој ние можеме да им помогнеме на таквите деца, во семејството со азиско потекло поттикнати од културолошките и верски убедувања кон детето со аутизам негуваат однос на индиферентност, чувствуваат срам и непријатност, а кај братот на детето со аутизам не поттикнуваат развиток на квалитетен однос.

Во таа релација помеѓу културолошките и верските убедувања, можеби и во разликата во степенот на образованието кај родителите од различни семејства, можеме да ги бараме причините за поинаквиот однос кај децата, како и поинаквите согледувања кон тоа какви се очекувањата на родителите и какви се перципираните состојби, т.е. односот помеѓу децата во семејството, согледани и искажани од страна на родителите (124).

Многу студии кои го проучуваат влијанието од имањето на брат или сестра со попреченост се потпираат на видувањето од страна на родителите, особено мајката како главен извор на информации. Во многу случаи е потврдено дека перцепцијата на родителот во однос со квалитетот на односот помеѓу децата во семејството се разликува од перцепцијата на самите деца во однос на меѓусебниот однос. Таквите студии каде што се користат мајките, генерално пријавуваат негативни извештаи, за разлика од студиите каде што се земаат како извор на информација самите брат или сестра (125).

# V. ЗАКЛУЧОЦИ

